**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Деведесет и првата седниц на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 мај 1998 година**

**Скопје, мај 1998 година**

**ДЕВЕДЕСЕТ И ПРВА ( 9 1 ) седница 2 продолжение,**
**одржана на 2 7 . V.1993 г.**

**Дискутанти:**

1. АЈДЕРАГА ГАЗМЕНД 16, 121М;
2. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО 34;
3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР (Мин. за сообраќ.) 44, 46;
4. ДАНЕВ ДУШАН 89,90;
5. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 43;
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ 65;
7. КАРОВ ИЛИЈА 12, 33, 36, 37, 38, 41, 43;
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 56;
9. МИН0В ПАНЧО 23, 73, 81;
10. НАУМОВСКИ ВАНЕ 92;
11. НИКОЛОВСКИ ДУШАН 105, 109;
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1;
13. ПОПОВСКИ НИКОЛА 8 5 ;
14. РИКАЛОВСКИ БОРИС (Мин. за стопанство) 94;
15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 4 7 , 6 8 ;
16. СПАСОВ ЃОРЃИ (Мин. за правда) 4 9 , 5 5 ;
17. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА 7 3 ;
18. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 97, 99;
19. ТРАЈК0В РИСТО 8, 1 0 ;
20. ТАНТАРОВ ВЕЉО 9, 18, 20, 21, 48;
21. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР 27, 29, 34;
22. ТРОМБЕВ ТОМЕ (Мин. за урб. градежн. и екологија) 5 5 , 60, 88;
23. ЧАПОВ СЛАВЧО 4, 6;
24. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 112, 118;
25. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ 7, 40, 42;

**Дневен ред:**

Т.4 (Аманд.расправа по Пред. на Ззакон за земјоделско земјиште) - стр.1
Т.5 (Пр. зак. .за заштита на растенија) - стр.11
Т. 6 (Изм.и доп.на Зак. за нотарски раб.) - стр.49
Т. 7 (Ратиф. озонска обвивка) - стр. 5 5
Т. 8 (Пр. за дон. на Зак. за отпад) - стр.59
Т. 9 (Пред. дон. Зак. технолошки отпад) - стр. 7 3
Т.10 (Пред. дон. Зак. минер. суровини) - стр.94

Седницата продолжува!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 мај 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 91-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Нано Ружин, Александар Гештаковски, Иван Бојков, Маријан Начевски, Илинка Митрева и Стојан Андов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше и мое име да им го честитам роденденот на нашите колеги Душан Николовски и Панче Насев, да им посакам добро здравје и успех во работата.

Стасавме до 4-тата точка од дневниот ред.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за земјоделско земјиште.

На последното продолжение на седницата претставникот на Владата не го прифати амандманот на член 1, поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиоски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.

Продолжуваме со претрес по овој амандман. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиоски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нова точка 8-а, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиоски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиоски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекувате амандманот? (Не).

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој  е за, молам да крене рака? (10).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2, поднесен од пратениците Славчо Чапов и Петар Талимџиоски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Има збор г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**
Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, амандманот е од техничка природа т.е. се однесува право на првенство од став 1 на овој член, се остварува преку доставување писмени понуди.
Тоа е за продажба на земјиште на комшиите и сосопствениците.
Мојот предлог е да се брише "доставување писмена понуда", тоа е технички неизводливо во селата да се извршува писмена понуда кога се продава земјиште на своите комшии и сосопственици.
Затоа барам да се брише зборот "писмена", а нека стои "со понуда".
Тоа е само од техничка природа и технички може да биде издржан тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Молам, дали друг бара збор? (Никој).
Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (15).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Отворам претрес по амандманот на член 14 за додавање нов став 7, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (5).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1, поднесен од пратениците Славчо Чапов и Петар Талимџиоски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Има збор г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**
Членот 41 од Законот гласи: "за трајна пренамена на земјоделско земјиште од член 39 став 2 од овој закон, се плаќа надомест во висина на пазарната вредност на земјоделското земјиште во местото каде што тоа се наоѓа зголемена за 5 пати, поради намалување на површината на земјоделското земјиште".
Амандманот се однесува тоа зголемено за пет пати поради намалување на површина на земјоделско земјиште за пренамена, предлагам амандмански да се усвои два пати, а не пет пати.
Кратко образложение. Со новоформираните општини каде се урбанизираат општините, знаеме дека секој за сопствени потреби каде ќе се врши урбанизација на селата и во месностите односно општините каде ќе се одзема земјиште дали за изградба, дали на сопствениците, дали на локалната самоуправа треба истите да дотираат пет пати. Кога би се определиле класите од прва, втора или трета класа, а да не бидат од прва то петта класа би се согласил со тоа, меѓутоа за пренамена на земјоделското земјиште од прва до петта класа се бара пет пати поголемо наплатување од тоа што е пазарната вредност на земјоделското земјиште. Затоа барам тоа да биде два пати, бидејќи токму од оние кои ќе градат и од локалната самоуправа каде буџетот им е намален од нив ќе бараме пет пати повеќе да плаќаат средства на Републиката. Мислам дека беше доволно објаснувањето и предлагам да биде два пати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Молам, дали друг бара збор?
Има збор г-динот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**
Г-дине претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници,
Сметам дека не треба да се прифати овој амандман од следните причини: во сите земји, па сразмерно и во нашата земја земјиштето е ограничена површина и со секоја нова изградба на објекти на плодно земјоделско земјиште значи намалување на обработливото земјоделско земјиште, кое не може да се надокнади со ништо. Единствена мерка која може да се преземе за да не се намали земјоделското земјиште, е ваквата мерка која е предвидена во законот и поради тоа сметам дека амандманот не треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Дали уште некој  бара збор? (Не).
Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (11).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Ристо Трајков поднесе амандмани на член 37 став 2 и на член 40 за бришење на алинеја 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 2, поднесен од пратеникот Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, овој амандман го предложив од причина што во досегашниот закон донесен 1986 година беше дозволена пренамена од четврта класа па натаму. Сега со овој закон се предлага пренамената да се ограничи до петта класа.

Амандманот го предлагам од причина што во меѓувреме на целата територија на државата има извршено категоризација на земјиштето. Сите класи на земјиштето се зголемени, односно намалени во смисла на тоа заради обработка на земјиште, присуството на аграрот, зголемен е бонитетот на земјиштето, така што во низинскиот - рамничарскиот дел немаме категории на класи од трета нагоре. Петта класа земјиште немаме во рамничарските делови, тоа е исклучиво во ридско - планинските делови, ако сега на некој што сака да гради куќа во ридско - планиснкиот дел му кажеш дека не може да гради, затоа што со законот е кажано до петта класа, мислам дека никој не може да не разбере за тоа.

Предлагам овој амандман да биде прифатен од овие причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас го поддржувам амандманот на г-динот Ристо Трајков, сметам дека е оправдан и издржан и да не дозволиме во ридско - планинските подрачја, каде сега нашата држава вложува огромни средства за нивниот развој, односно за враќање на оние што одамна ги напуштија овие реони, реков да не дозволиме да се врши пренамена и тие селани што ќе се враќаат назад да плаќаат огромни давачки.

Сметам дека помина она старо време кога овие села и реони ги рушевме и токму затоа уште еднаш ќе речам дека амандманот е оправдан и треба да го поддржиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за бришење на алинеја 1, поднесен од пратеникот Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Се однесува на членот 40 ставот 2 каде се кажува кои објекти се ослободуваат од барање согласност за пренамена. Верувам дека ако малку поназад ги следиме прописите во државата, имено во 1992 година имаше донесено одлука со која овој став од законот беше овозможен и се градеа објекти без согласност до 30 м2 на земјоделско земјиште за чување на земјоделски алатки.

Меѓутоа, откако се виде неговата примена на терен ни еден земјоделски објект не се изгради на теренот, се изградија викендици и куќи. Најголема пречка има Министерството за урбанизам околу легализирањето на овие објекти. Конкретно во Струмица имаме само еден појас, односно месност каде има такви 60 објекти изградено со дозволи, времени објекти на земјоделско земјиште, а сега тоа се индивидуални куќи. Проблемот се пренесува на друг терен ако овој став од законот постои. Сакам да кажам од 1992 година постоеше таков член од примената на овој закон, Владата во 1993 година донесе одлука и го укина овој член и сега овој член фактички не функционира во законот. Сега исто таков член предлагам во законот. Ќе наведам пример дека ни еден прав земјоделец не гради објект на сопствената нива за чување на земјоделски алатки, Откако почнаа да се градат овие објекти настанаа најголемите кражби токму во тие објекти. Ако е направен од времена градба да чува мотокултиватор, мотор за наводнување, сите тие се искрадени. Луѓето можеби за тоа беа принудени да градат од цврста градба, но прераснаа во куќи.

Затоа предлагам овој став од членот 40 да се брише.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието го донесе Законот за земјоделско земјиште.
Преминуваме на 5-тата точка од дневниот ред - Предлог на Закон за заштита на растенијата.
Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.
Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?
Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господагпратеници и претставници на Владата.

Првиот предлог за донесување на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници беше изготвен во април 1992 година, односно пред 6 години.

Во август 1996 година од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство беше доставена работна верзија на Предлогот за донесување Закон за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели.

Понатаму, во мај 1997 година се појави трета верзија на Предлогот за донесување на Законот за заштита на растенијата од болести, штетници и плевел.

Четвртата верзија на овој закон и со истиот наслов беше доставена во јуни 1997 година и се разгледуваше на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Во септември 1997 година под многу чудни околноси и со многу изменета содржина па и променет наслов, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја изготви петтата верзија на овој закон, под наслов: Предлог на Законот за заштита на растенијата.

Конечно во април 1998 година Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја изготви и ни ја достави најновата шестта верзија и се разбира со нов наслов, Предлог на закон за заштита на растенијата, што еве е на дневен ред на ова седница.

Се надевам, почитувани пратеници дека оваaа шестта верзија на овој Предлог закон ќе биде последна и денес конечно ќе го усвоиме и донесеме.

По мое убедување предложениот Предлог на Закон за заштита на растенијата овој пат е солидно и стручно подготвен.

Имено во предложената содржина вградени се најголем број од моите забелешки и укажувања што ги изнесов на последната расправа по овој закон, па затоа ја користам оваа прилика да го искажам моето задоволство за разбирањето на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со овие стручни подобрувања, оваа содржина ја прават конпактибилна со соодветните решенија на соседните земји и земјите членки на Европската унија.

Почитувани пратеници, една од најкрупните забелешки што ја упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а воедно и до Владата е што со законот за заштита на растенијата не се предвидува формирање на стручна служба односно оддел за заштита на растенијата согласно потребите на овој закон, која и практично ќе ги спроведува обврските кои произлегуваат со донесувањето на овој закон и потребите на нашето земјоделие.

Ние конечно ќе донесеме квалитетен закон за заштита на растенијата, но искрено Ве уверувам без вработување на соодветно стручни луѓе (фитопатолог, ентомолог и херболог) во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, македонското земјоделие нема да има никаква фајде од овој закон.

Во Министерството за земјоделие нема вработено ниту еден стручњак за заштита на растенијата, нема магистри и доктори од таа област, а хумурот да биде уште по смешен ова Министерство на сите гранични премини има свои агрономи - инжињери кои работат како инспектори таканаречени во наводници "доктори, фитопатолози", исто така ова Министерство има вработено и голем број агрономи кои работат во подрачните единици широм Македонија.

Ако Владата и Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, навистина сакаат да се донесе Закон за заштита на растенијата после шест годишни подготовки и ако навистина сакаат да му помогнат на македонското земјоелство, а воедно и да си ги исполнат своите обврски што произлегуваат од овој закон, тогаш во овој закон ќе мора да се предвиди формирање на високо стручна служба за заштита на растенијата.

Вработените специјалисти за заштита на растенијата меѓу другото ќе ја изготвуваат Програмата за заштита на растенијата како и нејзиното реализирање.

Ако Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство стручно не се екипира, тогаш и понатаму огромните нерешени проблеми во македонскиот аграр ќе си останат, а болестите и штетниците ќе продолжат да ги уништуваат нашите шуми и земјоделски култури.

Заради несоодветна заштита и стручно следење на состојбите во земјоделието и шумарството сведоци сме пред еден месец што ги најде нашите дабови шуми. Само оваа година од штетници беа уништени огромни површини од дабови шуми, па дури беше загрозена и човековата околина во Скопје.

Што уште треба да се случи во нашето земјоделство и шумарство па Владата и Министерството за земјоделие да сватат дека им се потребни такви стручни служби, па макар тие да бидат формирани и во рамките на Агенцијата за поттикнување на земјоделието.

Од сите овие изнесени причини, предлагам почитувани пратеници, со овој закон да се предвиди формирање и Високо стручна служба за заштита на растенијата, било да е во рамките на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, или при новоформираната Агенција за поттикнување на земјоделието, што е со седиште во Битола.

Со овој закон за заштита на растенијата се зајакнува контролата на увозот и прометот на пестицидите во Република Македонија.

Во таа насока би предложил, при продажбата на пестицидите во земјоделските аптеки каде што се врши промет на мало, да се воведе задолжително издавање на рецепт од страна на аптекарот.

Во рецептот земјоделскиот аптекар задолжително ќе го внесе името на препаратот и дозата односно концентрацијата на употреба, дата и потпис. Со издадениот рецепт подобро ќе биде информиран и запознаен купувачот со купениот производ, а воедно ќе може да се докаже потеклото од каде е купен соодветниот препарат.

Со воведувањето задолжително издавање рецепт во земјоделските аптеки ќе се олесни работата и зајакне контролата на земјоделските инспектори, а воедно и значително ќе се намали

продажбата на пестицидите со сомнително потекло и квалитет, односно ќе се намали шверцот со пестициди во Република Македонија.

Издавањето на рецепт во земјоделските аптеки не е ништо ново, тоа е вообичаена пракса во сите соседни земји и во земјите членки на Европската унија. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, денес расправаме за еден закон кој што можам да кажам во периодот на транзицијата низ кој минува нашата земја претставува многу важен закон, особено ако се има предвид на проблематиката што ја регулира овој закон.

Пред нас имаме еден проект на законско решение кој нуди доста новини и кој регулира проблематика која е многу важна за нас како земја, особено во однос на прашањето со кое тежиме да се интегрираме во Европа. Според мене, законот претставува добра основа за наше интегрирање во евроспките текови, а подоцна и во Евроспката унија. Зошто го велам тоа? Тоа го велам затоа што со законот се овозможува контрола врз обезбедувањето на забрана на одгледување на одделни видови, сорти и клонови од земјоделски и шумски растенија за определено време, се овозможува вршење на стручен преглед врз растенијата и земјиштето за присуството на карантински или економски штетници се овозможува забрана на промет на заразени растенија и во оваа насока забрана на увоз и превоз преку нашата земја на растенија од карантински подрачја.

Во Глава II од Предлогот на законот се обработува прашањето на спречувањето на појавата и ширењето и уништувањето на штеточините на растенијата и во тој поглед станува обврска на државата, преку Министерството за земоделство, шумарство и водостопанство, за организирање на начинот на следење на појавата на ширењето односно известувањето, прогнозирањето и дијагностицирањето на растителните штетници. Мислам дека ова е една од работите која во изминатиот период претставуваше една работа што беше запоставена.

Преку оваа глава, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство особено внимание обрнува и прави голем напор во решавањето на проблемите кои се појавуваат во обезбедувањето на за-штитата на растенијата. Една од службите која мислам дека многу ќе придонесе во спречувањето односно целосната заштита на растенијата од штетници е заправо фитоизвестителната служба. Мислам дека преку земањето обврска од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за прашањата кои се регулираат со оваа проблематика ќе заживее фитозаштителната служба. Фитозаштителна служба сите знаат што значи, меѓутоа, би кажал неколку зборови во однос на тоа прашање, што значи за нашите земјоделски производители.

Позната е кванификационата структура на нашите земјоделци и фитозаштителната служба ако се има предвид има големо значење. Нашиот земјоделски сектор знаеме како е организиран, истовремено знаеме со какви капацитети за производство, ја знаеме неговата економска моќ и врз основа на тоа слободно можеме да кажеме дека тој како таков не е во состојба сам да ја извршува таа работа во однос на фитозашти-телната служба. Од тој аспект, преземањето на ваква обврска претставува голем придонес и доколку заживее во вистинска смисла, мислам дека нема да изостане целосната заштита на растенијата од штетници и болести. Ако фитокарантинска служба заживее како треба ќе се овозможи навремено проектирање на заштитата, ќе се намалат трошоците на производството, а сето тоа значи приближување кон воведувањето на интегрална заштита во нашето земјоделско производство, што е многу важно од повеќе аспекти.

Во однос на интегралната заштита прашањето е добро обработено, само јас би додал дека обезбедувањето на интегрална заштита на растенијата, сигурно ќе претставува голем придонес во нашето ангажирање во врска со обезбедувањето на здрава храна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе на Владата на Република Македонија, почитувани министри, на денешната седница на Собранието се најдоа два значајни, би рекол, земјоделски закони. Пред малку го донесовме Законот за заштита на земјоделското земјиште, со кој ќе се регулира користењето, заштитата и продажбата на земјоделското земјиште во рамките на новиот систем што сега го градиме во нашава држава, а сега на дневен ред е и Законот за заштита на растенијата, што нашите земјоделци ги одгледуваат по своите полиња, градини овошни насади или пак растат низ шумите. И едниот и другиот закон се аграрни закони, што имаат посебно значење за успешно водење на земјоделската борба за повеќе храна од домашните ораници.

Инаку, ако се погледаат двата закони, ќе се види дека во општите одредби на овие закони, меѓу другото, се вели дека земјоделското земјиште и растенијата се добра од посебен интерес за државата и земјоделското земјиште и растенијата уживаат посебна заштита од страна на државата. Со двата закони, се надевам дека во наредниот период ќе имаме добра заштита на овие добра за државата, на добрата.што даваат храна за нашава држава.

Господо, по донесувањето на овие закони, за нашево земјоделство кое со експериментите што со него ги правеше стариот систем и во новиот систем влезе раскалатено, осиромашено, без пари за работа со дотраена земјоделска механизација, со изгубени пазари за пласман на неговото производство, со невидени маки од поранешниот проект на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија за создавање на еден комбинат за цела Македонија, сега ни треба друга заштита. Ни треба заштита на производството на храна и на оние што макотрпно ја произведуваат таа храна, било низ полињата, градините, овошните насади, лозовите насади или фармите со добиток. Значи, ни треба добра аграрна политика, домаќински откуп и домаќински откупни цени, навремен откуп и исплата на откупеното селскостопанско производство, а не со различни шпекулации иземање на производството кое не може да се плати со години. Ни требаат кредити за организирање на тоа производство, ни требаат и регреси за сите репроматеријали, што за жал сеуште ги увезуваме од другите држави.

Реков дека земјоделската механизација е стара и дотраена. На прагот е новата жетва. Жнееме со комбајни што требаше да одат во старо железо. Повеќе растураат на жетвените површини отколку што влегува во вреќите за жито. Селаните, господа, се исцрпени. Не можат со

сопствени средства да купат ни трактор ни комбајн ни пак опрема за наводнување, што катаден се расправаме на оваа тема. Нивните грбави плеќи не можат повеќе да го носат товарот на стабилизацијата на државата и со нивното евтино селско - стопанско производство да го чуваат социјалниот мир. Времето бара и за нашиве селани да се мисли поинаку, да се заборави старото верување од поранешниот систем дека се може и без нив и сите погледи да бидат и натаму свртени кон големите државни комбинати.

Да не должам многу, по добрата царинска заштита на домашното прозводство, господа, сега ни требаат откупни цени за храната, што ќе ги покријат нејзините производни трошоци и ќе остане некој денар за организирање на новото производство или преживување на селаните додека се собере новото производство.

Господине потпретседателе на Владата на Република Македонија, за пченицата, шеќерната репа, пченката, сончогледот, млекото, тутунот и месото, производи без кои не се може да се живее и работи, а без јаболко се може, за откупните цени на овие земјоделски производи - што да се каже? Утврдени се точно пред 5 години и никако да одат нагоре како што одат нагоре трошоците за нивното производство и животниот стандард.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам, г-дине Тантаров, на друга точка сме, за заштита на растенијата.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господине претседателе, знам за што зборувам јас, вие само слушајте. Пченицата пет години се купува по 10 денари, репата е на исто дереџе, млекото и месото се бетер, за сончогледот што да се каже - заради ниската цена го снема од нашите полиња како што ги снема р'жта, памукот и кои не други култури.

За жал, сега на удар е и нашето овчарство, гранката што долго време носеше девизи за да купуваме заштитни средства треба од денеска натаму да ги штитиме тие растенија со овој закон што денеска го носиме.

Откако почнавме да го градиме слободниот дел на Македонија заради сопрениот извоз на јагнешкото месо, стадата со овци, мора да признаеме, се помалку ги има и на полињата и во ридиштата. Со откупната цена што пет години изнесува точно 70 денари, нема сточар што може повеќе да чува овци. Конечно, првиот сигнал за колежот на овците дојде во месарниците. Кажете господа министри, господионе потпретседателе, која месарница во Скопје, Битола, Штип, Прилеп, Струмица, Тетово или било каде денес, во приквечериниата на утрешниот голем македонски празник Спасовден, што јас користам можност да им честитам на сите селани, може да се најде јагнешко месо.

По донесувањето на овие закони, сакале или не, мора да работите на цените на селско - стопанските производи, особено на стратешките култури, да се одвиваат малку поинаку. Мора да има корекции. Не може господо министри да се увезува пченица од Аргентина и Унгарија по 14 денари, а нашата домашна пченица да се откупува по 9 и 10 денари и да се купува за брашно и трици. Кој земјоделец може да ја издржи оваа неправда во однос на оваа култура.

Ние, по мајските дождови, сигурно ќе имаме добар род на пченицата, сигурно не ќе биде многу богат но ќе биде добар. Ако Владата на РМ до почетокот на жетвата не ја корегира цената на пченицата, Сојузот на земјоделците од Битола ќе ги повика сите земјоделци годинава пченицата да ја чуваат во своите амбари. Ќе издржиме една година.

Законот за заштита на растенијата, бидјеќи претседателот ме опоменува да зборувам за овој закон, јас го прифаќам. Се надевам дека со него ќе се направи ред во заштитата на растенијата, ќе се стопитраат сите малверзации со употреба на хемијата во аграрот.

Господо, пролетва, поради недостиг на некои хемиски средства многу приватни апотеки ги изгореа земјоделците. Нудеа хемиски препарати што одамна се исфрлени од употреба во Европа или со поминат рок на траење. Препарати што немаат никаква ефикасност во заштитата на растенијата од плевели.

Сметам дека господинот Каров беше потполно во право кога бара во рамките на Агенцијата за развој на приватното земјоделство да се формира служба за заштита на растенијата. Го поддржувам и неговото тотално оправдано барање ниту еден хемиски препарат што се употребува за заштита на растенијата апотеките да не може да го издадат без рецепти од нашите агрономи.

Добро знаеме дека во нашава држава нема општина, зборувам за поранешните 30 и неколку општини во кои не работи центар за приватно земјоделие. Во нив има агрономи и во нив треба да се верува. Посебно барам за Битола, нејзиниот Центар да ја спроведе мерката што подолго време ја спроведуваше, она што денеска го бара Каров, низ апотеките на бивша "Агрохемизација" неможеше да се добие било што без соодветна рецепта потпишана од стручно лице на оваа служба.

Инаку, јас имам забелешка на овој закон. Станува збор за членот 4 каде се вели дека кога штетниците ќе се појават за прв пат или ќе се јават во пренамножена форма, трошоците за сузбивање 50% ги сноси државата, а 50% ги сноси приватниот земјоделец.

Јас мислам дека кога ќе се појави за прв пат некој штетник како што на пример покрај вештачката граница веќе пет години житната оса хара и ги уништува посевите на селаните од Живојно, Бач, Герман и другите села, овде државата мора да ги засуче ракавите и да даде поголеми пари за сузбивање на ова зло на овој штетник. Инаку, ако се дозволи 50% да плаќа државата, а 50% земјоделецот, сметам дека со оваа мерка ништо нема да се стори.

Предлагам, кога ќе се појави некој ваков штетник што се заканува на целото земјоделство трошоците да ги сноси државата. Државата ќе си најде пари за таа намена. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван потпретседателе, министри, заменици и помошници бидејќи и тие се присутни.

Еве и јас ви се приклучувам кон пратениците кои имаме должност за застапување на земјоделски електорат. Ова е многу голем повод, донесување на Законот за заштита на растенијата за наше застапување на интересите од големо значење во оваа област, заштита на растенијата.

Јас ќе коментирам од основните одредби на Законот, каде се вели дека растенијата се добра од општ интерес и уживаат посебна заштита од државата.

Вториот став на овој член ги конкретизира носителите на таа посебна заштита, каде што почнува со државата, овластени правни лица, држатели на растенија итн.

Сметам дека оваа одредба од овој член од основните членови на Законот не е соодветно поместена содржински во деловите од законот, каде се конкретизира надлежноста на државата. надлежноста на можноста за одредени работи да вршат овластени правни лица и за држателите на растенијата.

Во која смисла? Таа смисла е, на пример, регулирањето во членот 5 каде се вели дека Министерството за земјоделие фактички ја организира заштитата од штетници на растенијата и дека за вршење на таква заштита од штетници на растенијата може да овласти одредени правни лица што ги определува да ги исполнуваат условите на кадровска екипираност со магистар, двајца инжењери по земјоделие, еден по шумарство итн.

Сметам дека оваа начелна надлежност на Министерството и во Законот допределено дека по овластување на министерот одредено правно лице може да ја врши оваа дејност, напред кажано од посебен интерес, сметам дека не кореспондира со декларирањето на тоа дека заштитата на растенијата конкретно од штеточини е од посебен интерес од апсект на тоа што таквиот субјективизам и волонтеризам во определувањето на овалстувањата на определени правни лица таа работа да ја тераат, а не од страна на јавна служба основана од државата, мислам дека не е во согласност со напред дека-рираниот "јавен интерес" како што е дејноста - заштита на растенијата.

Во таа смисла, да потсетам, имаме формирано јавно претпријатие за патишта и за други јавни служби итн. Без потценување, но ако се спордиме со дејноста што е сега - заштита на растенијата, а ние се претставуваме дека сме земјоделска република со многу земјоделски општини сметам дека една јавна служба во делот на заштитата на растенијата незнам од кои причини би било добро претставникот на Владата сите досегашни дискутанти,.мислам дека имавме такви предлози, да потсетам имаше такви предлози со аргументи и во правата фаза од донесувањето, така што тоа начелно - Министерството ја организира заштитата на растенијата, потоа министерот може да овласти правни лица, тоа може до начелната надлежност на Министерството да премине во принцип, целокупната заштита да ја вршат овластени правни лица од министерот.

Во сите земјоделски општини каде што имаше земјоделски комбинати што постојат или се во процес на трансформација, не терба да кажувам дека има служби за заштита на растенијата. Тие служби во судбината на приватизацијата, зборувам сега конкретно за Кавадарци, со трансформирањето, приватизацијата на Агрокомбинатот "Тиквеш" фактички се приватизира и тој дел на службата за заштита на растенијата кој што ако вака, како што е не утврдено, нерегулирано, мислам најголеми шанси има да пропадне во наредниот период. А, дејноста му е од посебен интерес, на што се повикува и Законот.

Тоа се веќе формирани општини во Кавадарци, Струмица, Велес итн. Нема причина законот наместо да дава начелно овластување на министерот, да овластува правни лица што постои резерва да бидат и по некој комерциојален основ овластени и кои се покажале како добри комерцијални профитни претпријатија, а не во смисла на компетентност, стручност итн. во областа на заштитата на растенијата, во таа смисла јас се придружувам кон претходните дискутанти и целосно се придружувам кон амадманот на господинот Каров за формирање на јавни служби за заштита на растенијата што потоа нормално би биле организирани на регионален принцип. Во постојните комбинати веќе имаме оформено такви служби, имаме такви кадри и простории и опрема. Овие служби, нормално би нашле своја предметност на работа, а со тоа и на свое битисување, а и би го потврдиле и државниот интерес во оваа многу значајна дејност, исто и во оние задолжителни здравствени прегледи на растенијата што ги предвидува законот би ѓо потврдиле своето делување и во делот на третирањето на растенијата кај оние држатели на растенија кои применуваат средства за заштита, што исто така е предвидено. Би ја исклучиле можноста министерот да формира посебни комисии, а тие посебни комисии најверојатно повторно се од кругот што би бил не на терен, туку би бил во склоп на Министрството и со една резерва на неговата ефикасност како што предвидува. Зошто комисии, кога веќе имаме служби и треба само, како задолжување за нив правна основа во Законот да им се даде и тоа да биде и законски основ за нивно понатамошно делување.

Уште на едно прашање сакам да се осврнам, тоа е преголемата надлежност на државата, конкретно пренесена преку Министерството за земјоделие во делот на промет со заштитни средства каде имаме и привремени и постојани и вонредни дозволи и определена процедура, што е доста компелксна. Според мене, таквата преизразена надлежнот на Министерството за земојделие фактички може да доведе до онаа состојба што и до сега беше во делот на трошокот на заштитни средства како еден од најголемите трошоци во вршењето на земјоделска дејност.

Токму таквото условување со одредени дозволи и со преизразена надлежност на државата ги доведуваше во монополска дозвола за производство и увоз одредени привилегирани претпријатија што, како такви, на пазарот ги држеа со многу висока цена заштитните средства и тоа многу неповолно се одразуваше како еден поизразен трошок во земјоделското производство.

Сметам дека пазарните услови во делот и на производството и на можноста на увоз на заштитни средства, либерализацијата во таа насока би значела прилог кон тоа да не се создаваат монополи само кај одредени претпријатија за само тие, да ги исполнуваат условите, а со тоа нормално и држење на такви цени што се превисоки за самите земјоделци.

Се согласувам и со тоа дека тоа најмногу ќе зависи, што исто беше истакнато и во првата фаза на донесување на законот, не е прифатено, јас имам дури и предлог ако државата одобрува одредени согласност на одреден производител или одреден увозник на заштитни средства, тоа да го врзе, нели се залагаме за пазарност во делот на доходовниот принцип и односи на тој што е, во случајот субјект што ги пушта во промет тие заштитни средства и тие што се корисници во насока на развивање на кооперантски односи, како еден од условите во кои државата одобрува одредено право да увезе такви заштитни средства, а со тоа да има привилегираност на пазарот.

Делот на обврските на држателите на растенијата се преголеми во законот. Тие истите, не се во можност да ги исполнат од постојано прегледување на растенијата, од вршење на информации за евентуални напади на штетници на растенијата и тука се согласувам со претходните дискутанти, обврската во таков случај, ако тие обврски во Законот што се преголеми, дури и прашање е дали се стручни сите држатели да ги согледат таквите појави на кои ги обврзува Законот, а како казна за тоа се вели, ако не се преземат тие, тие и тие мерки, тогаш постои можност министерот да нареди спроведување на такви мерки на товар на држателите на растенијата.

Мислам дека е многу неповолно и исто така оди во прилог на евентуално зголемување на трошоците кај земјоделските производители.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министери,заменици, драги пратеници, пред нас е Законот за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели. Ако го гледаме Законот со правниот наслов Заштита на растенијата од болести и штетници ќе видиме дека тоа е наука што навистина е поставена многу одамна и има за цел да ги заштити растенијата од болести, штетници и плевели.

Меѓутоа, самиот Закон за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели секако е многу помлад и неговата тежина посебно е огромна. Големината можевме да ја видиме или ја гледаме од тоа што токму шесте верзии тешко поминуваат и на крајот да дојдеме до правата вистина што ние ја очекуваме. Ако целосно го разгледаме законот ќе видиме дека и тој и овој пат е непотполн. Тоа го потврдувам што навистина е тешко, во секој член, ако добро се разгледа да има потполност. Но, меѓутоа ветувањето од Министерството дека тоа е поврзано со подзаконски акт што се 6, 7 или 8, најверојатно дека тоа ќе го дополнат и како таков ќе имаме вистински квалитетен закон, со кој што можеме да се гордееме и би го нарекол, прв наш македонски закон за заштита на растенијата.

Не би сакал во законскиот проект посебно да ги поттцрвувам оние моменти што се поврзани со агротехниката, механичката борба со растеителните болести и штетници, посебно ќе се осврнам на фитофармацијата, бидејќи фитофармацијата и како наука е млада наука. Знаеме дека со појавата на средствата како ДДТ и некои други за време на Втората и по Втората светска војна, тоа значи дека веќе ние и со појавата на тие средства и со нивната примена успеавме донекаде и сами да се изградиме како што и самата хемиска индустрија успеа да изгради и да пушти во промет повеќе средства.

Јас ќе се задржам на некои моменти што и минатиот пат ги изнесов, ги изнесе и почитуваниот г-дин Каров, кој што вистински темелно, ги разгледа и ги потцрта сите оние моменти кои што беа и требаше да бидат внесени во самиот закон, мислам дека дел од нив се внесени, но ете, некои можеби повторно ќе ги спомнам, бидејќи се од поголема важност.

Посебно јас би се задржал на оние моменти кои што делуваат на самиот закон, или со кои што може самиот закон да биде подобрен. Во главата II спречување на појавата и сотрување на штеточините на растенијата. Јас предложив зборот сотрување да се замени со некој друг збор. Се потрудив во нашата наука во нашите учебници и секаде каде што веќе тоа го имаме, да го најдам тој збор, тука и таму навистина може да се сретне, но секако за него имаме соодветна замена и чинам дека тој збор може да се за,емо со зборот сотрување, тоа е уништување на самите штетници итн. Бидејќи иако се работи во фитопатологијата, иако се работи во ентонологијата, или се работи кај растенијата, мислам дека секогаш тој збор го употребуваме како таков кој што е уништување на штетниците дури во некои членови на самиот закон зборот сотрување е веќе заменет со уништување, тоа секако е ставен од самиот закононосец.

Бидејќи постоеја и други замени така амандманско престроено и го барам, така при точка 5 зборот "штеточини" да се замени со зборот "штетници", а тоа е бидејќи во точката 3 е објаснет поимот штеточини на растенијата и се смета дека во точката 5, истиот треба да се замени со поимот штетници.

Потоа, во членот 5, што истото е потврдено од г-дата Чапов и Каров, во членот 5 став 1 точка 7 зборот причинители се заменува со зборот причинителите, а во точката 8 зборот следењето се заменува со зборот следење. Чинам дека и тоа држи место. Нормално дека ова е од редакциски карактер.

За амандманот 3 во членот 5 ставот 3, зборовите "министерство за шумарство и водостопанство" да се заменат со зборовите службата за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство".

Образложението е тоа што со амандманот се предлага овластеното право лице, податоците за појавата на штетниците, прогнозата и преземање на мерки е должно да ги достави до Сужбата за заштита на растенијата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Потоа и членот 6 став 1 точка 2 во третиот ред по зборовите "водостопанство" се заменуваат со зборот, или во точка 5 зборовите "применети мерки со средства" се заменуваат со зборовите примената на средствата.

Чинам дека тие амандмани ги има и повеќе, а секако се и од редакциски карактер за подобрување на самиот текст и мислам дека пратениците ќе ги прифатат, а со тоа мислам дека и пред тоа дека Министерството е спремно да ги прифати, бидејќи овие амандмани придонесуваат за подобрување на целовитоста, односно квалитетот на овој закон.

Уште еднаш потврдувам дека законот е добар, го прифаќам и со прифаќањето на нашите амандмани, ценам дека овој закон ќе биде уште подобар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на Педлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесе амандман на член 39 став 5, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Педлогот на законот.

Пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиовски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче поднесоа амандмани на член 3 точка 5, член 5 став 1, точка 7 и 8, член 5 став 3, член 6 став 1, точка 2 и 5, член 15 став 1, за додавање нова точка 2 по точката 1 и на член 19 став 1 по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандман на член 18 став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 61 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка 5 поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиовски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 точка 7 и 8 поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиовски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.
**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата го прифаќа амандманот.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Отворам претрес по амандманот на член 5 став 3 поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиовски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.
Молам претставникот на Владата да се произнесе.
**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Дали го повлекувате амандманот. (Го повлекуваме).
Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 2 и 5, поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиовски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.
Молам претставникот на Владата да се произнесе.
**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор. (Никој).
Дали го повлекувате амандманот. (Го повлекуваме).
Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 за додавање нова точка 2 по точката 1, поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиовски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.
**ИЛИЈА КАРОВ:**
Очекувам дека Министерството за земјоделие односно Владата, ќе има разбирање за овој амандман односно една мала интервенција во членот 15 ставот 1, од следните причини: Точно е тоа дека пестицидите не треба да се користат во вода, треба да се внимава при нивната примена, меѓутоа, баравме интервенција во овој член 15, да се изземе културата ориз од следните причини. Почитувани пратеници го молам и претставникот на Владата да имате предвид дека пестицидите и инсектицидите и хербицидите кај оризот, се користат исклучиво во вода. Ако ние сега не ја прифатиме оваа интервенција во овој член во тој случај примената, односно сузбивањето апосконприформис во оризот кој што се врши најчесто во вода понатаму примената на сузбивањето на ехинокоаклус гали е исклучиво во вода со хербицидот ордрам, навистина ние ќе дојдеме во состојба да не можеме да ги примениме основните заштитни мерки кај оризот и во тој случај навистина, треба да се вратиме на заштита односно на рачното плевење, како и пред 20 - 30 години.
Од тие причини, треба да имате разбирање, го молам уште еднаш претставникот на Владата да има разбирање и да го прифати овој амандмани, бидејќи навистина ќе се најдеме во една многу лоша состојба во производството на оризот.
Од тие причини бараме да имате разбирање и да се прифати овој амандман.
Пред да се гласа, би сакал уште еднаш да го чујам мислењето на претставникот на Владата.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Молам дали некој бара збор?
**ПЕТАР ТАЛИМЏИОВСКИ:**
Да кажам уште неколку збора каламитетната појава на скакулците, во одреден временски период кога се нахранети, нормално доаѓаат во допир со водата. Тие без вода не можат да живеат, затоа им се става посебно место со вода, каде се затруени со некои пестициди.
Мислам дека резултатите од ова се невидено добри.
Од тоа ценам дека сепак амандманот треба да се прифати.
**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**
Почитувани пратеници. Не сум стручњак по ова прашање, колегата Каровски доста квалитетно ова го образложи, но живеам во тој крај, учествувам во сознанијата и во одгледувањето на оризот и факт е дека заштитата на оризот се обезбедува само преку прскање, односно преку употреба на пестицидите. Оризот цело време е во вода. Тој 90% од времето со исклучок пред да созрее во оризот има вода. Нема друг начин освен да се вратиме 30 или 40 години наназад, па да се оди со плевење, а за тоа требе во Кочани огромен број на население, а тоа значи помали приноси, поголем ангажман, искористување на работна рака и да се враќаме назад 40 години да можеме со плевење на го заштитиме оризот за да дава поголем принос.
Мислам дека е дури чудно оваа култура да се заборави и да нема можност да биде заштитена оваа култура со пестициди преку оваа забрана.
Јас го поддржувам овој амандман.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Дали уште некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака? (31 пратеник).
Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот.
Отворам претрес по амаманот на член 19 став 1 поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиовски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.
Молам претставникот на Владата да се произнесе.
**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата го прифаќа амднаманот.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Отворам претрес по амандманот на членот 61 став 2 поднесен од ЗПК.
Молам претставникот на Владата да се произнесе.
**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**
Владата не го прифаќа амандманот.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Молам кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го сатвам на гласање.
Кој е за молам да крене рака? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандмани на член 37 за додавање 2 нови става по ставот 3, член 63 за додавање нова точка 14 и на член 71, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандмани на член 4 став 4 за додавање на член 5-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, направивме огромна грешка и мислам дека ова ќе се одрази на оризопроизводниот регион во Република Македонија, незнам за последиците, нека се размислува за понатаму ресорното министерство, кое навистина до овој момент мислев дека е загрижено за нашето земјоделие и нашиот аграр, меѓутоа и овој пат најсериозно сватив дека ова Министерство и претставникот на Владата не се интересираат за културата ориз, дека оваа култура на ова подрачје е осудена на пропаст. Тоа се виде последните години и со оваа заштитна мерка која не се прифати во овој закон, со тоа навистина се стави еден крај во развојот на културата на ориз.

Овој пат сакам да интервенирам дека во член 4, став 4 е предвидено, оваа програма што треба да биде изготвена од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за заштита на растенијата, никаде во законот не се прецизира до кога треба да биде изработена и аналогно на тоа треба и извештај во оваа програма. Едноставно, може да биде овластено и друго правно лице за изготвување на оваа програма.

Јас би сакал да ве потсетам дека ние во досегашните расправи на многу закони кој што ги донесовме, како Законот за шуми, Законот за пасишта, Законот за сточарство, едноставно беше предвидено донесување на програма за развој на соодветната култура. Во сите тие програми беа прецизирани рокови до кога Министерството се обврзува да ја изготви понудената програма, која навистина треба да има и едни реални рамки, бидејќи што ако немаме прецизен рок, заштитата на растенијата се обавува од пролет до есен.

Навистина, ако немаме рокови, каква корист ќе има ако таа програма вообичаено се носи со некое огромно задоцнување, па во тој контекст и резултатите од спроведувањето на оваа програма би биле многу мали. Од тие гтричини, еве предлагам оваа програма да се донесе најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година, што значи ќе биде изготвена програмата, ќе бидат предвидени средства, а тие средства ќе бидат предвидени и во Буџетот на Република Македонија.

Од тие причини мислам дека таа програма ќе биде усвоена, ќе биде донесена, ќе бидат предвидени средства и ќе може да се применува од 1 јануари наредната година. Најлесно е на претставникот на Владата овој пат да каже не се прифаќа амандманот, бидејќи му е обврска на време да ја изготвува оваа програма. Бидејќи се работи за една многу значајна обврска за. Министерството, веројатно, не му одговара на претставникот на Владата да каже дека не го прифаќа амандманот, затоа што е со рок за изготвување на оваа програма.

Меѓутоа, ако одржателите на растенијата огромни задолже-нија и обврски со овој закон, што тие тешко ќе можат да одговорат на овие обврски, ред е и самото Министерство, ако веќе се залага за донесувањето на овој закон нека прифати барем една минимална обврска, а тоа е навремено изготвување на оваа програма за заштита на растенијата.

Од тие причини мислам дека треба да имате разбирање и да се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претре-сот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници и претставници на Влада, овој пат, навистина се работи за едно многу сериозно прашање, кое е од општ интерес за Република Македонија. Еве за што се работи.

Имено, со овој член што се предлага, додавање на нов член, се предвидува Владата на Република Македонија да формира стручна служба за заш-тита на растенијата. Навистина, како стручњак од областа за заштита на растенијата, ве уверувам дека овој закон ќе биде никаков ако нема кој да го спроведува. Штетите што перманентно ние во Република Македонија ги чувствуваме кај шумите, овоштарството и другите земјоделски култури, ќе бидат се поголеми од година во година. Имено, за што станува збор? Шумите, еве сведоци сме, пропаѓаат во цела Македонија. Министерството нема стручни кадри да одговори на овие проблеми, да се уште во анализа и во решавање на овие проблеми околу шумите.

Понатаму, што уште треба да се случи за голем број од растителни болести, кои сега се јавуваат во ресенско, па и јаболката ќе ги снајде исто што ги снајде и шумите и тие се пред прагот на нивно целосно уништување од економско значење на растителна болест. Ние, и овој пат не сме спремни како Министерство да одговориме на овие значајни проблеми што го тиштат целото наше македонско стопанство, едноставно немаме стручни луѓе. Ние во Република Македонија и господинот Минов изнесе дека имаме во комбинатите служби за заштита на растенијата, меѓутоа во самото Министерство немаме стручни кадри. И сега, предлагаме Владата, наместо да издвојува средства и да овластува други правни лица да ја вршат оваа работа, многу значајна работа со истите средства да се финансира оваа служба за заштита на растенијата. Дали таа служба ќе биде во рамки-те на Министерството за земјоделие, или пак ќе биде во рамките на Агенцијата, која неодамна се формира со седиште во Битола за поттикнување на развојот на земјоделието, бидејќи и таму има кадри и таму има опрема, едноставно мислиме дека работата

ќе се изведува стручно, квалитетно, а без дополнителни оптоваруваша, финансиско оптоварување на Буџетот на Република Македонија. Не се потребни никакви дополнителни финансиски средства, едноставно сакаме професионално стручна служба за заштита на растенијата да ја обавува оваа дејност, да ги решава, да се впушти во решавањето на овие проблеми. А, ова како што сега е вообичаено и како што се предлага со овој закон и понатаму тоа да го обавува волонтерски или пак да се овластуваат други стручни служби, резултатите ќе бидат исти како и до сега. Болестите ќе земаат се поголем замаф, штетите ќе бидат многу поголеми, мислам досега беа изразити во шумарството, на повидок е, реков и во овоштарството.

Од тие причини укажувам на сериозноста на пробле-мот во аграрот и во шумарството на Република Македонија. Мислам дека почитуваните пратеници и од владеачката партија на СДС ќе имаат разбирање, бидејќи има доста колеги кои ја познаваат оваа проблематика, барам целосна поддршка на предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Мене ми е потполно разбирливо залагањето на господинот Каров за заштита на растенијата, односно шумите и другите растенија и мислам дека сите треба да сме загрижени за оваа работа. Меѓутоа, амандманот така како што се предлага, лично сметам дека не е добро од следните причини.

Ние формиравме Агенција за развој на земјоделството, која Агенција засега комплвтно се финансира од Буџетот. Во таа Агенција ќе бидат вработени луѓе од разни структури. Дали тоа ќе бидат заштитари, дали ќе бидат агроекономисти, дали тоа ќе бидат поледелци, градинари итн. кои ќе имаат главна задача и единствена да се грижат за развој на земјоделството, а под развој на земјоделството се подразбира и заштита на растенијата како една од мерките.

Што се однесува за заштита на растенијата на шумите од болести и штетници, ние формиравме јавно претпријатие за шуми, со тоа што има во секоја општина, има и економски единици на тоа јавно претпријатие каде што има стручни кадри, исто така, за заштита на шумите, односно во тие рамки и заштитата од болести и штетници. Што значи дека со усвојувањето на овој амандман ќе направиме едно дуплирање, односно ќе ги зголемиме трошоците од Буџетот на Република Македонија, што сметам дека не е добро, бидејќи тоа се прави. Начинот на организирањето сигурно дека ќе треба да се подобри овој каков што е, има можности да се подобри и има реални шанси, мислам и реални претпоставки таа заштита да биде далеку поголема.

Она што Министерството се залага во законот да ангажира посебни правни лица за заштита, тоа е за извршувањето на заштитата. Така што, извршувањето на заштитата и да има таква служба, таквата служба може да дава сугестии, препораки итн, не може таа физмки да ја спроведува таа заштита. Таа заштита мора да ја спроведува некој друг кој располага со авиони, со таква механизација која што е потребна за да се заштитат растенијата.

Затоа, сметам дека од овие причини не треба да се прифати амандманот таков каков што е, туку во рамките на сето тоа да се залагаме, овие служби кои веќе еднаш ги имаме и кои ги финансираме, тие служби да ја вршат таа работа и се оспособени да ја вршат, па сметам дека успешно можат да ја завршат работата ако добро се организираат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Господин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Прво, му благодарам на господинот Џамбазовски дека, сепак има разбирање за потребата од една ваква служба. Јас, иако не е добра формулацијата, би го повлекол амандманот, да направиме една дополнителна консултација за оваа работа со Пратеничката група на СДСМ и да направиме така како што ќе одговара за законот за заштита на растенијата и за целокупниот развој за земјоделието и шумарство-то во Република Македонија. Тоа го прифаќам. Тоа прифаќам, а друго во ниедна прилика во општата расправа и во досегашната амандманска расправа и кога ја елаборирав потребата од донесување, прифаќање на овој амандман и формирање на служба за заштита на растенијата, јас не спомнав дека оваа стручна служба треба да се занимава со апликативна работа, односно со прскање или користење на овие заштитни средства. Што значи, оваа служба нема да има апликативен карактер за тоа и стои дека тоа треба да биде стручна служба за заштита на растенијата од само тројца стручни лица, еден фитопатолог, еден ентомолог и еден херболог. Што значи, целта на донесувањето на овој закон е апсолутно да се стави крај на проблемите од оваа сфера.во земјоделието.

Значи, оваа служба, стручна служба со овие кадри, коиј ќе бидат таму каде што ќе определи Владата, дали во Агенцијата или во Министерството, ќе биде координатор со регионалните стручни служби и со Агенцијата и со службите во општините итн. Што значи, не се бара оваа стручна служба да има авиони, да има прскалици, да набавува средства итн., туку апсолутно оваа стручна служба да ја прати и да ја координира работата во сферата на заштитата на расте-нијата. Тоа е целта на овој амандман, тоа е целта и идната работа на службата за заштита на растенијата да ја изготвува програмата, да ја следи, да има советодавен карактер и на крајот на краиштата да му помага на министерот кога едноставно ќе затреба за одредени проблеми правилна информација, стручни сознанија, стручни информации за одреден проблем, идентификација на проблемот, идентификација на растителната болест, идентификација на штетниците и преземање на соодветни мерки што, навистина, оваа советодавна служба во координација со другите стручни служби, ќе ја предлага во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика господин Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Немав намера да реплицирам и претпоставувам дека ова нема да го сфатите баш како реплика. Само да кажам дека јас не реков и разбирам интересот на Каров по однос на заштита на растенијата и исто и јас се залагам за подобра заштита на растенијата. Меѓутоа, не се сложувам со таков начин на заштита на растенијата, однос но со централизирање на одредени служби. Ние веќе имаме такви истурени луѓе по општините, односно на теренот таму каде што се јавуваат овие болести и штетници, сега бараме таа работа да ја централизираме со тројца луѓе во централата на Скопје на асфалтот да бараат болести и штетници. Тоа е една работа.

Втора работа, сакам да кажам дека јас не зборував од името на пратеничката група, бидејќи тој побара да се договориме, јас зборував од мое лично име, не зборував од име на пратеничката група.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Очигледно е дека овој амандман е доста значаен и оваа служба, меѓутоа, јас би го замолил пратеникот Каров, бидејќи ние имаме поднесено таков амандман со Тантаров, кој амандман веќе прецизира оваа служба да се формира во склопот на Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството, кој е со седиште во Битола, така што сметам дека и онака Агенцијата планира, најверојатно, ваква служба, односно вакви стручњаци.

Мислам дека повеќе ќе држи, сепак оваа служба да биде формирана во склоп на Агенцијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Каров. Реплика.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, еве сега во овој момент го добив амандманот предложен од пратениците господин Живко Јанкуловски и Вељо Тантаров и набрзина го споредив, па гледам дека е идентичен со мојот предлог, со тоа што се допрецизира оваа агенција, службата за заштита на растенијата да биде во состав на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделието.

Навистина, ако се прифати овој амандман, јас се приклучувам кон овој амандман, тоа е сосема исто, што кај мене не е прецизирано, а целта сепак ќе биде постигната, да се формира оваа стручна служба. Во тој случај јас мојот амандман би го повлекол, а ќе го поддржам амандманот, односно сега поднесениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 37 за додавање два нови става по ставот 3, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 63 за додавање нова точка 14, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Господин Илија Каров има збор.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Бидејќи се прифати амандманот на член 37 по став 3 за додавање два нови става, јас барам една измена на овој амандман, вториот во член 63 каде што стои по точката 13, да стои во член 67, значи барам измена, после точката 8 се додава нова точка 9, која гласи: "Ако на мало се продава средства за заштита на растенијата без рецепт". Значи, корекција на членот, наместо 63, да стои во член 67, после точка 8.

Ова е интервенцијата и барам претставникот на Владата да ја има предвид оваа нова интервенција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се изнесе по вака модифицираниот амандман.

Господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова е претходно договорено со господинот пратеник и го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кажете за што се договарате, да не се мачиме ние.

Отворам претрес по амандманот на член 71, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Каров го повлекува амандманот.

Во меѓувреме пратениците Живко Јанкуловски и Вељо Тантаров поднесоа амандман за додавање нов член 5-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а, поднесен од пратениците Живко Јанкуловски и Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што доста стана збор за содржината и претходно поднесениот амандман, а и на ово амандман кој што има друг текст и предвидува друга организациона поставеност, прво, да кажам дека Владата и овој амандман не го прифаќа, затоа што во законот во член 5 јасно и гласно се лоцирани обврските дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е должно на територијата на Република Македонија да организира и презема мерки за спречување на појавата ширење на штеточините на растенијата, кои мерки се состојат во бројни активности, при што Министерството е должно да ги организира.

Не прифаќаме со предложени амандмани да се интервенира во она што значи организирање на работата на Министерството и службите во Министерството.

Исто така, не прифаќаме со законско решение да навлегуваме во организационата поставеност на Агенцијата за развој на земјоделието, која што агенција е формирана со посебен закон и има за цел да го разгледа земјоделието во Република Македонија.

И нормално, ако е задолжена да го развива и ако и се даде тоа право и обврска на Агенцијата, нормално е дека ке има служба. Дали тоа ќе биде стручна, а мора да биде стручна од аспект на тоа што мора да исполнува одредени критериуми од аспект на квалификациона структура на вработените за да биде стручна.

Инаку, се согласувам со една претходна дискусија, доста ни е од стручни служби ни требаат стручни и оперативни служби како што очекуваме да биде она што ќе биде во рамките на

агенцијата, меѓутоа организирана со актот на агенцијата, а не со закон за заштита кој што треба да насочи како да се организира.

Тоа е околу овој амандман. Должам да кажам дека неприфатливо ни е ако не прифатиме во рок до крај на година да ставиме законска обврска Министерството и Владата да донесат програма за заштита, како што беше дека со тоа не прифаќање имаме несоодветен однос кон земјоделието и малте не го уништуваме земјоделието. Тоа е така изграден наш став, затоа што со крајот на годината се носи буџет, на крајот на годината се утврдува буџетот, во буџетот се утврдуваат пари, парите се наменуваат за програми.

Прво, треба да се донесе буџет па да се види колку пари ке има, а со тие пари да се донесе програма која што ке биде насочена во функција на заштита, а со таа заштита на развој на зејоделието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Сакам да помогнам дека на некој начин предложените амандмани се тука некаде, може би во прашање е размислување за компетентност на превземање на обврските на заштита на растенијата. И мислам дека еден амандман или не мора тоа да биде амандман дека

Агенцијата за развој на земјоделието која што има седиште во Битола она има свои центри за унапредување на земјоделието во сите општини. И мислам дека реалното решение да, во овие центри има лице, личност кое што практично посебно ќе води сметка за заштита на растенијата, затоа што сите региони имаат свои специфичности, прашање е дали од еден центар Битола или Скопје се едно каде ќе биде, дали ќе може ефикансо да се интервенира, сметам дека дури и не мора амандмандски да се интервенира, верувам дека претставниците на Министерството за земјоделие ке ги уважат овие сугестии и мислам дека тоа е најрационалното, најефикасното и најперспективното решение. Во овие подрачни да ги речеме, центри во градовите посебно ќе се води сметка за заштита преку ако се наоѓа лице оспособено, стручн ако не ќе биде вработено таму, а практично ќе можат со него да комуницираат и министерството и Центарот за унапредување на земјоделието во државата.

Јас мислам дека тоа е правото решение. Се друго би била концентрација која што не би била ефикасна и би создавала дури и конфузии и неефикасност во работењето. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор, молам?

Г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека треба да го прифатите овој амандман со кој што се бара во рамките на Агенцијата за развој на приватното земјоделство со седиште во Битола да се формира и стручна служба за заштита на растенијата.

Инаку, пловикувањето на потпретседателот на Владата на Република МакедониЈа, Димитар Бузлевски на член 5 дека оваа дејност би ја извршувало Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Мислам дека таа теза не држи, бидејќи во овој истиот член меѓу другото се вели дека за вршењето на работите од став 1 на овој член, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да овласти и правно лице, кое има вработено најмалку едно лице магистер од науката на заштитата на растенијата или две лица со земјоделскиот факултет.

Значи, ние сега не сакаме да формираме во рамките на оваа наша служба за земјоделство која според мене треба да донесе вистински препород на индивидуалното земјоделство, туку и понатаму ќе одиме заштитата на растенијата да ни ја врши некоја друга институција. Ние знаеме дека во Скопје се лоцирани многу вакви институции, меѓутоа и на теренот г-да пратеници имаме стручњаци кои што добро и стручноси ги вршат работите околу заштитата на растенијата. Јас се надевам дека сепак овој амандман ќе биде прифатен со овој амандман не сакаме сега во рамките на оваа агенција да обезбедиме уште три стучни лица што ќе работат во Агенцијата. г-до, во Битола има многу невработени, со три лица нема да се реши проблемот. Ние бараме оваа агенциза да се комплетира и да биде во служба на земјоделството онака како што тоа е предвидено со законот за формирање на истите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по предлог текстот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на растенијата.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор, г-динот Ѓорѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дне претседателе, почитувнаи пратеници.

Владата Ви го предлага предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи, со Предлог закон од четири основни причини. Со оглед на тоа што од донесувањето на законот беа предвидени некои нешта кои што мораат

суштествено да се променат и можат суштествено да ја унапредат нотарската дејност во Република Македоија, а се однесуваат на следното:

1. Со овие измени што ги предлагаме се создава реална основа и поле за работа на нотарите во Република Македонија со тоа што со овој закон, со овие измени се предлага да престане да важи Законот за заверување на потписи, ракописи и преписи, како и неколку одредби од неколку други закони што се однесуваат на заверувањето на потписи пред суд и општина. На тој начин всушност се постигнува она што сакаме да го обезбедиме со основањето на нотарската дејност во Република Македонија, а тоа е да ги растовариме судовите и општините од нивната досегашна работа и таа работа да премине целосно во надлежнсот на нотарите во Република МакедониЈа.

Втората работа која што исто така се постигнува со овие измени на законот, е тоа што се поефитинува таа дејност. Со одредени измени предлагаме да престане всушност да важи Законот за судските такси, односно до донесувањето на посебни Закони за нотарски тарифи да се применува Законот за судски такси само во висина по 50%, што значи, за 50% практично би поевтиниле услугите за граѓаните кои што ќе ги вршат нотарите, а кој што досега ги вршеа општините и судовите.

Третата работа е што се предлага поедноставување на организацијата нотарска во Република Македонија. Од предложените со претходниот законик три нотарски комори се формира една нотарска комора во Република Македонија.

На крај со овие предлог измени се вршат редакциски подобрувања на законот и отстранување на некои недоразбирања кои што во изминатиот период доведоа до тоа да и Уставниот суд покрене одредена постапка во врска со одредбата која што бележи дека три години по разрешувањето на судијата не може да конкурира за нотар. Измената е дека тоа всушност се однесува само во случаи кога еден судија ќе биде разрешен, заради несовесно или нестручно обавување на неговата дејнсот.

Со овие измени на законот сметаме дека навистина се создава една добра нормативна основа за функционирање на нотарската дејност во Република Македоија, а истовремено за поевтинување на тие услуги што се од извонредна важност за граѓаните на Република Македонија.

Заради сето тоа ве молам овој закон денеска да го усовите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи.

Кој е за молам, да крене рака? 46 пратеника.

Дали има некмој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Колку пратеници се присутни во салата.

(Службите ги пребројувааат присутните пратеници во салата).

Бидјеќи сега имаме доволен број пратеници го повторувам гласањето.

Молам, кој е за предложениот заклучок да крене рака? 62 пратеника.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се врздржува од гласање? (Никој).

Консттирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? 60 пратеника гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нијкој).

Констирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се прересе и Предлогот на законот.

Отворма општ претрес по предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 44-а за додавање нов став 2 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 1 став 1 и 2 член 4 алинеја 2 член 16, член 18 став 2 и 3, член 2 во новиот член 44-а, за додавање нов став 2, за менување на член 30, член 33 став 2, член 34 став 2, член 36 став 1, член 39, член 46, член 47, за преформулирање на ставот 1 и 2 во еден став член 49 став 2 на член 55, по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандани на член 6, за бришење на членовите 7, 8 и 13, член 15 на уводната реченица и на став 2, за преформулирање на члек 16 за преформулирање на член 17, член 18, за менување на уводната реченица, член 20 став 6, член 21 став 4, член 60 за менување на став 2 и член 62 во новиот член 144, алинеја 2 и за додавање нова алинеја, по алинејата 5.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Ако се согласди Собранието, за да ја скратиме процедурата би го кажал следното.

Владата на Република Македонија ги прифаќа сите амандмани предложени од Комисијата за внатрешна политика и одбрана освен амандман на член 16 и амандманот на членот 36.

Исто така, Владата на Република Македонија ги прифаќа сите амандмани од Законодвно - правната комисија освен на членот 62, се прифака амандманот само без ставот 2.

Тоа е се, за да не водиме посебна дебата, бидејќи тоа се редакциски амандмани и сите се прифатливи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на член 16, поднесен од Комисијта за внатрешна политика и одбрана.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа, со оглед на тоа што претходно прифатениот амандман од Законодавно - правната комисија е редакциската поправка на истиот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 во новиот член 144-а алинеја 2 и за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа без ставот 2 на амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува претставникот на Комисијата ставот 2 од амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој  е за, молам да крене рака? 56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Колку пратнеици имаме во салата ве молам?

Во салата се присутни 61 пратеник. Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменува ње и дополнување на Законот за вршење на нотарски работи.

Сега да се договориме, ако можеме да продолжиме или да дадам пауза за ручек.

Да продолжиме.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на Закон за ратифиакција на амандманите кон Монтреалскиот протокол за супстанции што ја оштетуваат озонската обвивка од 16 септември 1987 година, донесени во Лондон 1990 година и во Копенхаген 1992 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Томе Тромбев, министер за урбанизам, градежништво и екологија.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на глобалните проблеми што настанаа во минатото со употребата на супстанции кои што ја осиромашуваат озонската обвивка во 1985 година во Виена е усвоена Конвенција за заштита на озонската обвивка, а врз основа на неа 1987 година во Монтреал е усвоен протокол за супстанции кои што ја нарушуваат озонската обвивка.

Македонија стана членка и на Конвенцијата и на Протоколот по основ на сукцесија. Меѓутоа, во 1990 година во Лондон и во 1992 година во Копенхаген се усвоени амандмани кои што го менуваат текстот на овие Конвенции на Протоколот. Битна одлука на амандманите кои што се усвоени во Лондон, е што се променува принципот на финансирање и се основа еден мултилатерален фонд за финансирање на проекти кои што учествуваат во зачувување и на некој начин рехабилитација на постројки, кои што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Амандманите во Копенхаген ги скратуваат роковите во однос на намалување и конечно укинување на тие супстанци, а тука е битно и воведувањето на метил бромидот пестицид кој што се употребува и кај  нас како контролирана супстанца. Во претходниот период Република Македонија има користено по 7 проекти средства во вредност од 2,2 милиони долари, а баш конкретно инсистираме овие амандмани да се усвојат од причина што конкурираме за уште еден проект, проект на метил бромидот.

Се надевам дека овие амандмани ќе ги усвоите.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, со Монтреалскиот Протокол од 1987 година се воведуваат како што кажа и министерот контролни мерки за трговијата со штетни гасови потенцијални оштетувачи на озонската обвивка. А со Лондонскиот амандман од 1990 година се дефинира финансиската и техничката соработка меѓу земјите членки потписнички. Со тоа земјите потписнички можат и да користат неповратни заеми или концесии за супституција на супстанциите што ја оштетуваат озонската обвивка и еве, добро е што чувме веќе и примери кои што и кај нас се применуваат.

Со истиот амандмна се дефинира и нивото на потрошувачката на некои штетни гасови. Меѓутоа, во последно време со амандманот од Копенхаген и минатогодишната средба во Кјото, од која што уште немаме ние декларација стигнато и се надевам ќе стигне и таа ќе ја усвоиме, се врши ограничувањето на потрошувачката на штетните гасови како и план за намалување на овие гасови во наредните 15 години до 2010-тата односно до 2015 година.

Во наредниот месец во градот Архус во Данска, ќе се одржи Конференција на парламентарците членки на органиазцијата Глоуб, односно организација за глобалните законодавци за урамнотежена животна средина при Европската унија, како и Конференција на министрите за животна средина, на која што во парламентарната делегација ќе учествува и нашиот Парламент, се надевам дека и на министерствата ќе учествува нашиот министер, каде што се очекува да се усвојат барем протоколи за регулирање на загадувањето од разните загадувачи на воздухот и водата, а ќе се дискутира дали да се забрани употребата на оловниот бензин во Европа, се очекува да се покрене и иницијатива за заштита на енергијата.

Со донесувашето на Законот за животната средина и на националната еколошка програма и другите закони и еве и Република Македонија се вклучува во овие би рекол позитивни процеси во Европа и предлагам да го прифатиме Предлогот на законот за ратификација на овие амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на амандманите кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја оштетуваат озонската обвивка од 16 септември 1987 година, донесени во Лондон 1990 година и во Копенхаген 1992 година.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? 60 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? 61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржув аод гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на амандманите кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја оштетуваат озонската обвивка од 16 септември 1987 година, донесени во Лондон 1990 година и во Копенхаген 1992 година.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на Закон за отпад.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Томе Тромбев, министер за урбанизам, градежништво и заштита на околината.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Почитувани претседателе, почитувани пратеници, јасен показател за економскиот просперитет на една држава е количината на цврст и опасен отпад кои мораат да се третираат, на овај или на онај начин. Се поголемиот демографски пораст, урбанизацијата, воведувањето на новите современи технологии во стопанствата на државите, динамиката на зголемување на производството, што се случува и кај нас во последниот период, директно влијаат на порастот на потрошувачката, што од своја страна има за последица зголемување на количините на отпадот, се повеќе го наметнуваат прашањето за соодветно третирање на отпадот кој се создава во се поголеми количини.

Видливи се напорите на државите со развиена индустрија и технологија за изнаоѓање на решенија за рационално искористување на корисните својства на отпадот преку негово повторно враќање во производните процеси, со што се намалува количината на отпадот што завршува во депониите.

Имено, статистичките истражувања на овој план покажуваат дека само 10 до 20 % од вкупно создадениот отпад се депонира, додека останатиот дел се искористува како секундарна суровина, ѓубриво или пак се трансформира во топлинска или електрична енергија. Особено е значењето за воведување на современи методи за организација и управување со отпадот и воведување на нови технологии за негова обработка и третман, како од економски, така и од аспект на заштита на животната средина.

Регулативата во сферата на отпадот во развиените држави е насочена кон воведување на технологии кои ја намалуваат количината на отпадот што се создава во процесите на производство и обезбедува современи организациски форми на управување.

Почитувани пратеници, денес пред вас се два значајни прописи кои претставуваат новина во нашата законска регулатива, со оглед на фактот што третираната материја досега не беше регулирана. Донесувањето на овие закони треба да се гледа во континуитет на целосното дооформување на законската регулатива во сферата на заштитата на животната средина, почнувајќи од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата како и од аспект на донесувањето на посебни закони од комуналната област, кои беа најавени со Законот за комунални дејности, изгласан од Вас во септември 1997 година. Предложените законски текстови во целост поаѓаат од определбата на современото организирање и управување со отпадот, вградени во регулативата на земјите во Европската Унија.

Дозволете ми сосема накратко да презентирам некои од основните решенија вградени во законските текстови, што по мое мислење го заслужуваат Вашето внимание.

Основна цел на Законот за отпад е, врз основа на начелата на кои се заснова истиот, низ уредувањето на правата, обврските и одговорностите на правните и физичките лица во управувањето со отпадот, низ начинот и условите на управување со отпадот, како и вршењето промет со отпадот, да се обезбеди јавниот интерес во управувањето со отпадот. За таа цел, Владата на Република Македонија донесува Програма, со која особено ќе се оценува постојната состојба, целите и мерките во управувањето со отпадот, неговата преработка, депонирањето, изворите на средства за спроведување на Програмата и слично. Притоа, особено внимание ќе се даде на неконтролираното управување со отпадот, намалувањето на опасните својства на отпадот, но и искористувањето на неговите вредни својства, како и крајното депонирање.

Аналогно на тоа и општините, односно градот Скопје, во рамките на своите локални акциони планови за заштита и унапредување на животната средина и природата, ги спроведуваат целите на Програмата што ја донесува Владата.

- Во законот посебно е третирано управувањето со опасниот отпад, при што Владата на РМ ги пропишува мерките за управување, за што се основа Јавно претпријатие, со што се смета дека

во целост ќе бидат решени прашањата со изнесување, селектирање, собирање, складирање, транспорт и депонирање, евиденцијата и другите прашања со опасниот отпад.

• Технолошкиот отпад, кој настанува во производните процеси на индустријата, кај институциите, услужните дејности, претходно произведувачот треба да го преработи и складира за да потоа, под посебен режим, се предаде на правното или физичко лице кое го собира отпадот.

• За комуналниот отпад, Републиката, општината односно градот Скопје, го обезбедуваат спроведувањето на мерките за управување, согласно овој и друг закон, со посебна обврска да се води евиденција и катастар за видот, количините, местото на настанување, начинот и местото на складирање, преработка и депонирање на комуналниот отпад.

• Отпадот од научно – истражувачките институции, биолошки и хемиски опасен, претходно се доведува до состојба на инертен отпад, а отпадот од здравствените институции, со потенцијални патогени својства, претходно треба да се обработи и ослободи од штетните влијанија, а потоа да се третира како отпад.

Во досегашниот период проблем претставуваа просторите и објектите за складирање, преработка и депонирање на отпадот. Со Законот е прецизирано дека отпадот ќе се депонира само на простори предвидени за таа цел, а критериумите и насоките за утврдување на локации за градење на објектите се определуваат со Просторниот план или со урбанистичките планови, односно актите што ги заменуваат тие планови.

За прв пат со овој закон се дава соодветен третман на увозот и извозот на отпадот. Притоа, се забранува увоз на отпад заради негово депонирање. Посебно се забранува увоз на опасен отпад, а по претходно донесен акт на Владата може да се дозволи увоз на отпад кој може да се преработи, без опасност по животната средина и природата. Аналогно на тоа, под посебни услови може да се дозволи и извоз на отпад, кој може да се обработи без опасност по животната средина и природата за земјата увозник. Транспорт на отпад, преку територијата на Република Македонија, се дозволува со претходна согласност и според Базелската Конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и негово складирање.

Управувањерто со отпадот, а особено изградбата на депонии од секаков вид, бара и соодветни финансиски средства. За таа цел со законот се определени и изворите на средства, особено од Буџетот на Републиката, општините и градот Скопје, кредитни средства, донации, средства од производителите на отпадот и други средства. Имајќи предвид дека во рамките на управувањето со отпадот, отпадот кој содржи супстанции кои можат да се искористат, се собира, селектира и складира одвоено, а заради искористување на вредните состојки на отпадот, особено за материјални и други цели, може да се врши и промет со отпадот. Притоа забрането е вршење промет со опасен, посебен и радиоактивен отпад и промет со радиоактивни материи.

Со оглед дека и идната точка број 9 се однесува за истата проблематика, јас би го замолил претседателот да дадам кратко образложение и по тој закон.

Почитувани пратеници, дозволете ми уште сосема накратко да го задржам Вашето внимание со укажување на основните решенија на Предлогот за донесување на Закон за одржување на јавната чистота и собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад.

Со овој закон се утврдуваат условите и начинот на одржувањето на јавната чистота, собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад, како дејности од јавен интерес, а се уредуваат и правата и обврските на давателите и корисниците на услуги, финансирањето како и другите прашања од значење за вршење на оваа дејност.

• Како посебен сегмент во законот, одвоено е одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини, со тоа што за дел од овие површини кои имаат јавен карактер, опшините односно градот Скопје, може да основаат Јавно претпријатие или таа дејност да ја доверат на физичко или правно лице со дозвола, а за оние површини односно објекти кои имаат сопственици односно корисници, истите сами ќе ја одржуваат јавната чистота. Одржувањето на јавната чистота, се врши според годишна програма што ја донесуваат општините, односно градот Скопје, која содржи средства, динамика, начин и технологија.

• Собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад ќе се врши организирано и континуирано, а корисниците на услугите се должни да се придржуваат на обврските пропишани со програмата, со тоа што може да вршат издвојување и селектирање на отпадот во договор со давателот на услугата, за што ќе плаќаат намален надомест за услугата.

• Садовите за отпад, локациите за садовите, динамиката, времето и технологијата на собирање на отпадот се надлежност на општините односно градот Скопје, со тоа што заради собирање, транспортирање и депонирање на отпадот, можат да основаат Јавно претпријатие или дејноста да ја доверат на физичко или правно лице со дозвола.

• Средства за одржување на јавна чистота се обезбедуваат од буџетот на општините односно градот Скопје и дел од надоместокот за употреба на градежното земјиште, а за собирање, транспортирање и депонирање на отпадот преку цената на услугата.

Во рамките на надзорот и контрола, и на двата закони се активира Републичкиот инспекторат за заштита и унапредување на животната средина и природата, Републичкиот комунален инспекторат и комуналните инспектори на општините и градот Скопје, што се смета за широка мрежа за надзор и контрола.

Заради што поцелосно заживување во праксата на решенија утврдени со предложените законски текстови, во казнените одредби се предвидуваат максимални износи за казни за прекршителите, било да се даватели или корисници на услуги.

Почитувани пратеници, во оформувањето на овие Законски проекти поведена е и широка расправа, особено со невладините организации од областа на екологијата, асоцијациите на јавните претпријатија од комуналните дејности, државните органи и сите тие дадоа голем придонес при изработката на законот, а и голема поддршка за неговото донесување.

На крајот, оставајќи простор и самите да ја оцените важноста за донесување на наведените законски прописи, сметам дека Вашето ангажирање на тој план и овој пат ќе биде соодветно на тежината на материјата која е регулирана. Со усвојувањето на законските текстови создаваме услови за подобро утре за нас и идните генерации, што е и приоритетна задача на сите нас.

Благодарам на вниманието!

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мублагодарам на г-динот Тромбев.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре и заменик министер, почитувани дами и господа, излегов со намера сосема кратко да им дадам поддршка на предлагачите на законот за донесување на овој многу важен закон, затоа што одамна се чувствува потреба за средување на состојбата од оваа област, пред се заради фактот што е една од основните човекови права е правото на здрава животна средина, што веројатно ги мотивираше уставотворците во членот 43 од Уставот на РМ да наведат дека, секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата и дека Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните за здрава животна средина.

Го поздравувам напорот на Министерството во текстот на законот да ги вгради забелешките на невладините организации, пред се на Движењето на екологистите на Македонија и на Друштвото на еколозите и на Здружението на јавните комунални претпријатија и поради тоа изразувам надеж дека Министерството ќе ги прифати забелешките кои беа изнесени на собраниските работни тела, на кои се разгледуваше овој закон и изразувам надеж за разлика од претходните закони, овој пат Министерството следната фаза од законот ќе ја достави што побрзо за да може во текот на мандатот во овој состав на Собранието да се донесат овие два закони.

Инаку, состојбата со одредени делови која е третирана со овој закон е алармантна или загрижувачка, пред се во делот на индустрискиот отпад, затоа што околу одредени индустриски капацитети во Македонија како што е на пример во Велес околу Топилницата, во Куманово, во Кавадарци складирани се огромни количини на згура или други отпадоци, кои содржат токсични или радиоактивни материи. Јас имам некои податоци на пр. дека не се баш свежи, околу топилницата има повеќе од 800 илјади тони згура, во која има токсични и тешки метали во Куманово повеќе од 32 илјади тони арсен и антимон и околу Фени незнам точно колкава е цифрата.

Тоа значи дека со донесувањето на овие законски одредби, ќе се создадат услови за средување на оваа област околу третманот на отпадот, пред се собирањето, транспортирањето, рециклажата и депонирањето .

Со самото донесување на законот ќе се постигне кон создавање на еколошка свест или на некој начин преку дејствувањето на невладините еколошки организации и подигнување на еколошката свест, а и со острите мерки кои ќе бидат предвидени како казнени мерки во законот, веројатно ќе се влијае на граѓаните и на претпријатијата кои имаат допирни точки со оваа проблематика да се однесуваат многу посовесно отколку во изминатиот период.

Инаку, фактите и показателите кажуваат дека е многу лоша состојбата во РМ, затоа што во Македонија има само една санитарна депонија тоа е Депонијата "Дрисла", која работи според некои стандарди каде може да се третира отпадот според некои современи меѓународни стандарди. Во сите други општини во Републиката депониите работат како диви депонии и во најчест случај вршат аерозагадување, затоа што често се лоцирани во непосредна околина на главните сообраќајници, често чурат затоа што се пали материјалот кој е исфрлен на нив, а има податоци дека во нашата Република на пр. се наоѓаат на регионот на Галичица девет диви депонии, дека има диви депонии во Националниот парк "Маврово", дека има 19 депонии во карстни предели од каде постои голема можност за загадување на водите дури има депонии кои се наоѓаат во близина на водозафати за водоснабдување на населението, а исто така стручњаците велат дека е катастрофална состојбата со отпадот околу Биљанините извори, што директно влијае на чистотата на водата на Охридското езеро.

Треба да се преземат сериозни чекори за да се елиминираат овие опасности.

Исто така, верувам во тоа дека Министерството ќе ги вгради забелешките кои беа изнесени во врска со третманот на секундарните суровини, затоа што е неопходна потребата од нивно селективно складирање а и преработка затоа што ќе се намали отпадот кој се остава на депониите од една страна, а од друга страна тие секундарни суровини ќе се искористат за производство на други производи или некој вид на енергија.

Има случаеви како што е на пример Сојузна Република Германиј увезува отпадоци од Јужна Америка и тоа во Германија претставува вносен бизнис, па зошто и ние да не го правиме истото со нашиот отпад, со тоа што законодавецот мора да предвиди одредени стимулативни мерки за тие што ќе се придржуваат на рециклирањето и селектирањето на овој отпад, кој може понатаму да се преработува, се надевам дека Министерството што побргу ќе преземе мерки за изготвување на катастар на загадувачи во РМ и дека ќе преземе мерки за воведување на еколошки данок, кој од една страна ќе ги санкционира оние кои ја загадуваат животната средина, а од друга страна ќе ги стимулира оние претпријатија кои ќе воведуваат такви технологии, современи кои нема да ја загадуваат животната средина и природата.

**ТИТО ПЕТКОВАСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, кога ги донесувавме законите за комунални дејности, а особено Законот за заштита на човековата околина, имавме доста аргументирани и интересни дискусии дека со тие два закони крајната цел не се постигнува и дека многу објективни околности придонесуваа и придонесуваат да имаме едно неминовно загадување со оглед на она што значи технологија, на она што значи секојдневние.

И тогаш и во периодот кој следеше бевме информирани дека со донесувањето на овие два закона како предлог закони, ќе може да се ефектуираат сите оние одредби особено од Законот за човековата околина. Имено, тогаш објективно изнесувавме примери од нашето секојдневие дека она што значи технолошки отпад, згура и др. она што значи отпад од градежништвото, шут и сл., дека мора некаде да се депонираат. Практично неправични сме кога секогаш таа проблематика ја вулганизираме, зошто некој некаде истоварил една приколка со шут од изградба на некој нов објект.

Овој закон, практично и следниот за кои воведни излагања даде министерот, точно мислам дека ја заокружуваат целата проблематика. Објективно ние мораме заокнски да одредиме кој отпад каде ќе се лоцира, каде ќе се депнира и нормално цената на тоа депонирање. Ако е некој подготвен да има редовно производство во повеќе милиони германски марки, нормално дека ќе мора да биде подготвен она што значи технолошки отпад или го рециклира или се изнаоѓаат нови технологии за негово повторно оплеменување и употреба или едноставно мора да се одредат локации за депонирање кои, како што беше истакната, ќе подлежат на одредени такси кои ќе бидат минимални.

Втората област или дејност што претставува најголем загадувач е градежништвото и се она што се придружни елементи. Не може да не размислуваме рационално и во согласност на она што е наше секојдневно опкружување. Ние мора да градиме, мора да создаваме, мора да реконструираме, сето тоа нормално создава отпад. Прашањето е како во сето ова да се снајдеме, со оглед на она што е изнесено дека имаме само една депонија со современи концепти, со значајни димензии депонија која може да го прибере во подолг период целиот комунален отпад од државата.

Мислам дека во следната фаза треба рационално да се размислува она што значи современи достигања, што сите имаме прилика да ги видиме при контакти со други земји, дека основа на комуналниот отпад е неговата селекција за да може да се има ефикасно прибирање и депонирање. Тоа е првата работа што во овој законски предлог е ставена сигурно ќе добие своја нормативна завршница во следната фаза.

Она што го среќаваме во градовите, дека патот Тетово - Попова Шапка и многу патишта кон Шар планина, претставуваат најзгодни депонии со најголема опасност, најубавите предели потполно да ги упропастиме да ги уништиме, при што се важни два елементи, едниот го спомнав не само она што значи физичко уништување на околината, туку и практично создавање на услови на загадување на водните токови и се што следи понатаму.

Сведоци сме на секојдневни такви инциденти, ги среќаваме и лично и немоќни сме да ги сопремеили да преземеме ефикасни мерки. Добар беше предлогот овие два закони во еден пакет на закони по можност овој парламентарен состав да ги има и во конечна фаза и мислам дека тогаш ќе можеме да бидеме оптимисти дека, Законот за заштита на човековата околина ќе биде во своја потполна функција.

Она што во последно време се актуелизира, актуелизирање на состојбите на одредени градови, па дури и загадувања кои произлегвуаат од пошироки и поголеми сливни подрачја мора да бидат едни од приоритетите при идните ангажирање на Министерството за развој и другите ресорни министерства за привлекување на поволни кредити кои ќе имаат конкретна и директна примена и намена.

Во сето ова би ставил некои конкретни забелешки повеќе како сугестии за размислување. Основата на целата оваа проблематика треба да ја претставува јавно претпријатие. Затоа што се работи за јавен интерес. Сега тоа јавно претпријатие не е набележано тука се претпоставува дека ќе биде на ниво на држава, јас не успеав барем да ги согледам неговите папочни врски, функционални, технолошки и др., со она што значат ингеренции и обврски на единиците на локалната самоуправа. Дали тоа значи соодветно локални сегменти на ова јавно претпријатие за отпад. Треба да се види во таа насока што е најрационално, што е најефтино, што е она што ќе делува најфункционално за да не создаваме бирократски институции, а мораме да признаеме дека овие месеци и денови изворно сме информирани дека во некои јавни претпријатија кои во минатото не претставуваа посебен интерес, дека се слеваат огромни парични средства, се разбира и од граѓаните и од стопанските субјекти, така што заслужува внимание и овој сегмент затоа тшо она што значат одредени такси и во поглед на депонирање и во поглед на ревитализација на тие депонии, затоа што тие неможат да бидат со безгранични капацитети и сл. и мислам дека основниот проблем со кој ќе се судриме, зборувам во множина, ќе биде кои критериуми кои аргументи ќе бидат одлучувачки при одредувањето на овие микролокации. Тоа ќе биде основен проблем, затоа што во општините и досега можеби би ги разрешувале овие проблеми без еден ваков закон кога не би било претходното изнесено. Никој не сака во својот атар на својот град блиска околина, село локална самоуправа да има ваков објект.

Затоа ќе треба целата проблематика да биде стимулативна, во насока дека ваквите објекти можат да бидат извори на значајни приходи кои во едни погодни околности на тие микролокации не би биле товар, не би предизвикувале револт и тензии, туку напротив ако се создаде една клима да биде интерес на поедини единици на локална самоуправа, кои ги исполнуваат условите и критериумите изнесени во двата законски проекти. Еве да речеме како прва фаза целосна поддршка и Демократската партија на Македонија и од мене лично и уште поддршка како граѓанин, особено како пратеници кои се соочуваме со овие проблеми да најчесто граѓаните интервенираат кај нас, а ние барем во овој случај најмалку сме моќни. Ние се наоѓаме во еден сендвич помеѓу компетенциите на локалната самоуправа и компетенциите на ресорните министерства или Владата, но успеваме да контактираме, да укажуваме сигурно дека нема смисла да се загадуваат тие прекрасни предели дел од нив беа изнесени, дел од нив јас ги изнесов, ако ги дозагадиме она што значат езерата, тоа се очите на оваа држава, ако ги загадиме Шар Планина и другите планински масиви, мислам дека практично што ќе остане да оставиме на идните поколенија и со што ќе им обезбедиме по спокоен и по оптимистички ведри и еколошки услови за здрав живот и здрава средина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвли следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за отпад.
2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.
3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Дали имаме услови да гласаме? (Не).

Предлагам пауза до 16,00 часот.

(Пауза од 15,00 до 16,25 часот).

Да продолжиме со работа.

Стасавме кај предлог заклучокот по Осмата точка.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? 62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 9-тата точка - Предлог за донесување Закон за одржување на јавна чистота и собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Имавте можност да го слушнете и воведното излагање на министерот Тромбев.

Има збор г-динот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, навистина пред малку го усвоивме Предлогот за донесување на Законот за отпад, а сега во расправа е и Предлогот за донесување на Законот за јавната чистота, собирање, транспортирање, обработка и депонирање на комуналниот и технолошкиот отпад.

Сакам да искажам свои забелешки, бидејќи се работи за предлог и доколку предлагачот смета дека има можности и треба истите да бидат вградени во предлогот за донесување, истите да бидат вградени и на еден начин да дадат придонес во оформувањето на еден што подобар закон, што навистина ќе ја има функцијата определена пред се во интерес на граѓаните, закон кој и сега во овој Предлог за донесување на закон, го обезбедува основното, го обезбедува јавниот интерес во одржувањето на јавната чистота, собирање, транспортирање, обработка и депонирање на отпадот, како и една многу битна работа, одредување на локации за депонирање и санирање на простори кои, мора да кажеме, со отпадот на некој начин во вистинска смисла на зборот се деградирани.

Гледајќи го Предлогот за донесување закон, имам свое мислење и забелешки кои сакам да ги искажам на членот 6 од Законот, во кој се искажани површини на кои се создава комунален и технолошки отпад и меѓу другото, наброено е каде се создава комунален и технолошки отпад. Направени се и следните објекти, како што се топловодни, топлотни и електроенергетски потстаници. Сакам да искажам свое мислење.

Под електроенергетски потстаници се подразбираат трафостаници, почнувајќи од 110 киловотно напонско ниво, 35 киловотно и оние што најмногу ги има по градовите 10,04 киловолти. Во овие трафостаници влезот е строго забранет, освен во 110 киловолтните трафостаници, во кои имаат посада другите објекти, другите трафостаници се без посада и во нив не постои можност за создавање комунален и технолошки отпад. Ниту постои ниту може да се создаде и сметам дека овие вакви објекти, кои се исто така пак од еден посебен јавен интерес, треба да бидат изземени од објекти кои создаваат комунален и технолошки отпад, бидејќи ставање на вакви објекти во закокот значи создавање и обврска за надомест по метар квадратен. Доаѓаме во состојба да не се создава никаков технолошки или комунален отпад, а се создава обврска од метар квадратен надомест за плаќање.

Во истиот член исто така е кажано дека комунален и технолошки отпад се создава во уредени и неуредени дворни површини. Сакам да дадам свој предлог во предлогот на Закон уредените дворни површини кај стопанските субјекти, уредени како паркови не треба да плаќаат надомест за создавање комунален отпад, бидејќи онаа стопанска организација која во своите дворни места има уредени паркови, таа вложува средства тие навистина да бидат паркови и зелени површини и даваат придонес во разубавување на таа средина. Во светот сите стопански субјекти кои имаат уредени парковски површини се ослободени од плаќање ваков надомест, а во наша соседна држава, Грција, тие што имаат уредено парковски површини стопанските субјекти дури и се стимулираат. Кај нас излегува стопанскиот субјект да има обработено, одржува зелена површина, ја уредува и затоа што ја одржува и уредува мора уште да плати надомест за таа работа. Мислам дека мораме да одиме кон тоа да ги стимулираме сите субјекти кои одат на тоа да создадат едни убави парковски зеленила, да створат една многу поубава еколошка површина.

И трето прашање, во создавањето на технолошкиот и комуналниот отпад учествауваат и стопански субјекти, создавајќи индустриски отпад. Неможам да прифатам, иако не сум во таа индустрија која има огромни магацински простори, огромни производни простори, простори за полупроизводи, готови произоди, репроматеријали, неодам од таа позиција, меѓутоа сметам дека надомест за изнесена или направена услуга кај стопанските индустриски субјекти не може да биде метар квадратен. Мора да биде тон на изнесен отпад, затоа што само на таков начин и јавните претпријатија ќе ги стимулираме да работат на една пазарна основа, а не да работат на тоа да имаме изградено, а имавме изградено и изградивме многу стопански субјекти кои мораме да кажеме се со огромни површини и сега стопанството својот производ не да го товари преку навистина направен трошок, туку се товари преку метар квадратен, што мислам дека треба да се размисли дали на таков начин тоа треба да остане, особено што во времето на градба на некои објекти заѕедовме огромни локации, изградивме исто така многу покриени простори и сметам дека и тука пазарната економија мора да има свое влијание.

Овде морам да кажам дека и во претходниот закон што го донесовме бев навистина пријатно изненаден со дефинирањето услови за добивање локација за депонија на отпадот и што треба да содржи една локација за да може да се добие и навистина да се изнесува отпад, без оглед дали е комунален, индустриски или други отпади кои имаат и други влијанија врз средината.

Со законот се искажани и дефинирани, хидролошките, хидрогеолошките, климатските, топографските и другите услови кои мора да бидат исполнети и најмногу оној услов за зачувување на здрава средина на човековата околина, за да може да се добие една локација. Навистина, тоа е закон кој не води во она кон кое се стремиме, а тоа е посовремено општество, каде отпадот на многу посовремен начин се разрешува.

Меѓутоа, ни во претходниот, ни во овој закон сега што треба да го донесеме, никаде не станува збор што со постојаните локации за депонии. Морам да кажам дека немаме депонии освен една депонија во Скопје, зборувам за она што го знам надвор и во градот кај мене. Ние немаме депонии за депонирање на отпад, имаме во вистинска смисла на зборот места каде што нешто гори, околу кое имаме најлон кеси, места околу кои нешто се шири што е несакано за било каква околина. Имаме во вистинска смисла ѓубришта неуредени, ни најминималните елементи за складирање на отпадот не се содржани, бидејќи сите се одградени, кога ќе дувне ветер половина од ѓубрето е надвор, во нивна околина, тие се поставени на патни правци кои поврзуваат огромни реони, каде има огромен сообраќај по кој се движи населението.

Сигурно дека е тешко со закон да кажеме дека од утре и задутре такви депонии ќе немаме, меѓутоа искажаното во Предлогот на законот дека министерот на Министерството за урбанизам, градежништво и екологија ќе пропише и ќе донесе подзаконски акти, се согласувам дека треба, меѓутоа мора во предлогот што ќе биде за донесување да биде искажан и рок во кој министерот ќе

ги донесе тие подзаконски акти барем за минималните услови што ќе треба тие да се содржат, за да може постојните локации да ги доведеме во некоја состојба. Инаку, знам дека тоа ќе биде многу тешко, само е искажано дека во одреден рок министерот ќе го каже, меѓутоа потребно е да се направат елаборати и да се започне со уредување преку подзаконските акти кои треба министерот да ги донесе.

Меѓутоа, сум за тоа тие истите да бидат одредени со рок и за сите исти, а за сите оние кои нема да се придржуваат да има казнени одредби, бидејќи морам да кажам дека донесовме и Закон за екологија и Закон за води, меѓутоа сето она што го правиме и што го имаме и од местото од каде доаѓам од Куманово, имаме најзагадена река која го уништи растителниот и животинскиот свет, но сега испитувањата покажуваат дека и лево и десно од таа река земјиштето веќе е загадено. На тоа земјиште веќе не може да се сади никаква земјоделска култура. Мораме на тој план да посветиме поголемо внимание.

На крајот, со законот е кажано дека локалната самоуправа формира јавни претпријатија за чистота, одржување на јавните површини, меѓутоа морам да кажам дека тоа е добро. Има една вакква состојба, за која треба да се размисли од предлагачот дали може, бидејќи локалните самоуправи само во своите седишта донесуваат и формираат јавни претпријатија. Меѓутоа, имаме села оддалечени по 12 или 15 км , кои за наша среќа е и добро, сакаат исто така да имаат можности да го собираат отпадот и да го изнесуваат на одредени површини кои постојат во таа локална самоуправа.

Би предложил, покрај она што е дадено во локалната самоуправа, да може во Законот да се даде можност и месните заедници на село да формираат свои претпријатија или како ќе ги крстиме, со согласност на локалната самоуправа, Советот на локална самоуправа, бидејќи имаме вакви случаи: Јавното претпријатие нема економски интерес да оди 12 км, нема возила кои можат да влезат по овие селски улички, меѓутоа, има други кои се заинтересирани, кои можат да го изнесуваат сметот и сметам дека во законот една таква можност да пружиме и на месните заедници од село.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, најнапред да кажам дека фактички овој закон претставува операционализација на основниот Закон од комуналните дејности, тоа е Законот за комуналаните дејности и спроведување на одредбата како обврска од тој закон за донесување на специјален Закон за јавна чистота, собирање, транспортирање и депонирање на комунален и технолошки отпад.

Во исто време, оценка е дека содржината на оваа прва фаза од донесувањето на овој закон е позитивна и задоволителна во насока и преку оваа расправа за подобрување на текстот во крајната финална фаза на неговото донесување да има еден квалитетен закон, кој е неопходен за задоволување на овие би рекол непосредни секојдневни потреби од комуналната сфера на граѓаните и стопански субјекти.

Најнапред би коментирал во делот на основните одредби, прашањето за тоа кои површини создаваат комунален и технолошки отпад. Формулацијата е многу добра и се дефинира за површините кои создаваат отпад, а потоа ги класифицира во три алинеи, каде што покрај станбените површини и слични на станбените објекти, предвидува уредено или неуредено дворно место, односно дворни површини и стопански субјекти.

Мислам дека тоа е клучната одредница во овој закон, кој го условува и натамошното одредување, пресметување и нормално задолжување на корисниците на овие комунални услуги, каде во голем број имаме реакции и од индивидуалните граѓани како единици и фамилии, а исто така и од стопански субјекти, она што значи одредување на површини кои создаваат комунален и технолошки отпад, меѓу другите како станбени и индустриски објекти и нивните дворни површини и единицата за пресметување, која е метар квадратен, на истите дали е станбен или индустриски објект или дворна површина, ги создава и најголемите проблеми и реакции до сега.

Имено, се состои во следното: така утврдената со претходниот закон за комунални дејности единица за пресметување на цената на оваа комунална услуга по метар квадратен и одредувањето дека површини кои создаваат комунален отпад меѓу другите се и дворните уредени или неуредени површини, создава една позиција на давателите на услуги, тоа се јавните комунални претпријатија, да одредуваат такво пресметување на површини кои се по опфат заедно станбена и дворна површина или заедно индустрискиот објект и неговиот стопански двор, произлегува од тоа и на фамилиите како домаќинства и на стопанските субјекти, на таквиот начин пресметување и на таквиот начин определување дека и дворните површини односно стопански дворови влегуваат во тие кои треба да се опфатат за задолжување на домаќинствата и на стопански субјекти како еден намет, комунален намет, кој е доста висок и за индивидуалните домаќинства и за стопански субјекти.

Јас би го потсетил претходниот дискутант кој овде искажа еден предлог кај стопанските субјкети да се определи единица не по метар квадратен за определување на цената на оваа комунална услуга, туку да биде единица тон на направен комунален или технолошки отпад. Ние, како ЛДП и јас лично токму имав амандман кога се донесуваше основниот Закон за комунални дејности кога лично, непосредно предложивме поради овие проблеми што напред ги кажав единица за пресметување на оваа комунална услуга не биде метар квадратен во која би се влегло и со површините на станбените односно индустриските објекти и нивните дворни површини односно стопански дворови, туку тоа да биде фактички сторената комунална услуга на создадениот по тежина единица тон комунален и технолошки отпад.

Во таа смисла до предлагачот би упатил, во изготвувањето на наредната фаза на законот, да се предвидат критериуми:

Прво, да се преиспита дали и површините уредени или неуредени како дворни површини да влезат во пресметување на оваа комунална услуга, мој предлог е тоа да биде исклучено, бидејки навистина ако и тие, ако и тие влегуваат во определувањето на пресметување на воаа комунална услуга покрај станбениот објекти и дворните површини, навистина како комунална давачка ова излега предмногу. Во варијанта може да се предвиди комуналната услуга за дворни површини да биде за 50% намалена или ова што е веќе искажано, бидејќи ние имаме дворни површини, што е навистина апсурдно и нелогично, што се уредени како градини, со цвеќе, тревници итн., а бидејќи во фромулацијата стои "површини што создаваат отпад", тоа не создава отпад. Тоа го разубавува просторот. Така што нема логика да се пресметува во задолжувањето на домаќинствата или стоапнските субјкети со оваа комунална давачка.

Кај стопанските субјекти имаме една нелогична работа, за жал имаме многу стопански субјекти што не ги користат капацитетие целосно. Имаме претпријатија под стечај што или не работат или работат со 10-20%. Во такви слчучаи да се утврди критериум во наредната фаза комуналнтие пртпријатија што ја носат одлуката за задолжување на корисниците на услугите, како што стои дека секој корисник или сопственик на станбена површина или индустриски објекти, каде е предвидено организирање изнесување на комуналниот или технолошкиот смет, дека е должен да плаќа надоместок, тоа да, но мора во самиот закон да има разработено критериуми во случаи кога тие површини што се основица за пресметување на оваа комунална давачка или не се користат или се користат во одреден намален обем, што значи, многу нормално дека не создаваат такви причинители односно не создаваат такви последици од комунален и технолошки отпад и така да бидае истото наплатено.

Верувам дека во интерес, само да кажам дека објаснувањето на министерот по овој основ на Законот за комунални дејности беше дека тоа да се регулира, тоа е работа на локалните единици. Локалните единици после тој закон донесуваа одлуки за комунале ред со мерки. Или, воопшто не се впуштија во регулирање на ваквите случачи што се специфични и се, би рекол од непосреден интрес и проблем на теренот во самите локални единици. Односно се остави тоа, Законот не го уреди, овие одлуки што се пренесоа како надлежност за комунален ред и мерки да ги носат и тие не ги уредија и, фактички, по мое убедување со тоа се фаворизира само давателот на услуги односно комуналните претприајтија а не се заштитуваат корисниците на услуги односно домаќинствата, стопанските субјекти што навистина ги имаат овие проблеми.

Во таа смисла предлагам во наредната фаза на овој Закон да одреди не поединечно по случаи, туку да определи критериуми по кои давателот на услуги, донесувајќи ја одлуката за задолжување на корисниците на услугите со комуналната цена на изнесувањето и транспорт и депонирање на комуналниот и технолошки отпад, да ги има овие неколку моменти што напред ги кажав, варијантата со уредени или неуредени дворни површини, искористеност и неискористеност на стопанските капацитети, уреденост на одредени дворни површини и сл.

Уште еден момент, ќе се осврнам на прашањето на инспек-цискиот надзор на спроведување на одлуките, односно одредбите на овој Закон. Се предвидува тоа да биде по задолжение Републичкиот комунален инсепоктор и општинските комунални инспектори.

Сметам за потребно во Законот да се регулриаат надлежностите на републичките и општинските комунални инспектори што ќе биде осно-ван за нивно овластување и настапување во извршувањето на, за нив, многу одговорната и значајна задача во спроведување на одредите од овој Закон.

Во таа смисла сметам за потребно во прекршочните одредби да се регулира еден многу важен проблем, да се санкдионира и како надлежност на комуналнтие инспектори и во прекршочните одредби. Тоа е прашањето за со.зваање на отпад, не на неуредените градежни поарцели каде што стои во Законот дека тоа е задолжение на сопствениците него имаме неуредени градежни парцели каде што нема сопственик и каде најчесто се создваат, таканаречените, диви депонии, односно не се извршуваат одредбите од Законто за правиолата на постапување со собирање, транспорт и депонирање на сметот. Сметам за потребно, бидјеки е тоа многу честа појава, дека заслужува да биде и уредена во една од надлежностите на комуналната инспекција и нормално, да биде санкционирана во одредбите што го регулираат прекршочниот дел на Законот.

На крајот, сакам да кажам дека во преодните одредби рокот од шест месеци да се сообразат локалнтие единици и Градот Скопје со одредбите од овој Закон, мислам даека е предолго. Со новата територијална поделба имаме многу општини што во услови на неуреденсот, постојните комунални претпријатија од претходните општини ја вршат комуналната дејност. Под изговор дека нема директен правен основ во конкретниот закон тие да основаат јавни претпријатија, дали за јавна чистота или јавни претпријатија за собирање, транспортирање и депнирање на комуналниот и технолошкиот отпад.

Во таа смисла, во многу такви оптпини што, норамлно, не може да биде општина, еве, да јаземеме општината Росоман што јас ја застапувам, не може да биде општина ако барем не се идентификува со формирање посебно јавно комунално претпријатие. Тој рок од шест месеци за сообразување со одредбите од овој Закон предлагам да се намали на три месеци.

Благодарам и изразувам поддршка на донесувањето на овој Закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван минстре, почитувани колеги, Предлогот за донесување на Закон за одржување на јавна чистота и собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст и технолошки отпад беше и предмет на расправа во Комисијата за екологија. Се разбира дека Извештајот го имате писмено до вас. Нема да се осврнам на расправата, затоа што таа е доставена и до Министерството.

Меѓутоа, мислам дека е за сходно, во својство на известителот од Комисиајта, да го актуелизирам членот 6 на кој што претходните двајца дискутанти посветија доста внимание во врска со критериумите како да се определи субјектот што продуцира, на некој начин, комунален и технолошки отпад.

Забележавте дека и претходните двајца дискутанти повеќе дискутираа во врска со тоа за карактерот на површините колку да се опфатат или да не се опфатат. Г-динот Благоја Стојковски во првата дискусија начелно за точката 3 од овој член опфати нешто што и Комисијата го промовираше како идеја. Во врска со тоа дали стоапнските субјекти, или како овде стои деловни површини, индустриски капацитетеи на трговските друштва, угостителски и други објекти да плаќаат по површина или по тон на изнесен смет или може тој критериум да се развлекува и по други основи,да биде и производство во физичка смисла, пак на тоа производство.

Меѓутоа, она што мислам дека на Комисиајта излезе како една храбра идеја, иако за прва фаза и треба да остане само на ниво на изнесена идеја, а Министерството евентуално да преиспита дали тоа може да се актуелизира кои се всушност критериумите под кои се создава комуналниот отапд во РМ, но не технолошкиот отпад. Тоа, затоа што Законот определува дека има површини што создаваат комунален отпад. Или, вулгаризирано кажано, секој станбен простор, балкон, ходници, тераси, скали, подруми и други шупи и гаражи, па и дворни површини како што реше г-динот Минов создаваат комуналне отпад што всушнсот е филозофија поставена на глава. Меѓутоа, многу е попрактична за спроведување од страна на државните органи. Веројатно затоа се провлекува.

Инаку, сосема е јасно дека комуналниот отпад го создава човекот, дека не може критериум за создавње на отпад да биде површината станбена или дворна што некој ја поседува. Затоа што во апсолутн смисла на зборот отпадот се создава само од оној кој ги користи површините, а тоа е човекот. Или, ако го транспонираме тоа во критериум на Законот, тогаш комуналниот отпад, би требало да стои, дека се создава не по 2 м туку, "пер капита" по глава на жител. Или, најпластично кажано, во еден стан од 70м2, да речеме некоја просечена големина на стан во Македонија, ако живеат пет станари или пет членови на фамилија и еден член, плаќаат ист надоместок за комунален отпад, што е апсолутно нелогично. Тоа е недоволно рационален однос од страна на државата кон станарите, затоа што очигледно иако живеат во ист стан едните создаваат петпати повеќе отпад од другиот.

Комисијата го имаше предвид и фактот дека недвижниот имот, станбениот простор е релативно стабилна категорија што мнгу поретко подлежи на промени и до аспект на зафаќање на средства и интервенцијата на државата, преставена најчесто на локалните заедници. Може постабилно да смета на тие приходи и полесно да ги опфаќа. Додека жителите кои живеат во станбените пворшини се флуидна материја, подлежат на природни промени, миграции, иселување. Релативно е потешко државата секогаш да определува колку жители жиеват во една станбена единица.

Оваа, јас така ја нареков, храбра идеја Комисијата ја промовираше евентуално да се размислува во II фаза, дали плаќањето на комуналниот надомест со законот и понатаму ќе го задржиме критериумот по м2 или ќе одиме на друг чист критериум "пер капита", односно по жител, затоа што човекто е тој кој создава комунален одпад или ќе се направи некаков комбиниран критериум каде и големината на станбениот простор или другиве што се под еден или под два опфатени во вид на простор што создава комунален отпад, меѓутоа и по глава на жител, на население кој дефакто го создава комуналниот отпад, ќе се плаќа надоместок.

Иако овае потежок начин на обезбедување на финансирање на собирањето, транспорт и депонирање, во овој случај само на комуналниот отпад, се надеваме дека тоа решение е по правично и по прифатливо за населението и дека на тој начин ќе се води поголемо економизирање со таквиот комунален отпад, што евентуално ќе даде позитивни ефекти во целата држава.

Оваа фаза сепак останавме на идејата да се промовира и таквиот критериум, па да види евентулано Минситерството во понатамошните фази на изработка на Законот, да оцени дали етоа прифатливс или не и веројатно ќе имаме уште една можност.

Инаку, што се однесува до Законот, се разбира дека Комисијата го поддржа донесувањето на законот и на претходниот за кој расправавме, за отпад и предлагам на Собранието да го прифати и да ја задолжи Владата да го изготви и предложи во завршна фаза, во идната фаза од работењето. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тромбев министер во Владата.

**Т0МЕ ТР0МБЕВ:**

Би сакал едно објаснување токму во врска со членот 6. Тука е дадено површини на кои што се содзава отпад, а нормално дека човекот ги создава тие површини, дека човекот го создава отпадот.

Во светот се познати повеќе системи на наплаќање на количинтие на отпад. Тоа е: единичниот систем, економски најоправдан, тоа е тон на отпад, потоа има по м2 и по систем на главарина. Најпрактичен во овој случај би бил единечниот систем, колку напрвиш отпад, толку платиш. Меѓутоа, кога го подготвуваме законот, сакавме да јаземеме предвид и техничката опременост на нашите јавни прептирјатија. Едноставно, сите градови не се опремени со ваги како би можел да се мери отпадот. Од тие причини отидовме на овој систем.

А, јас се согласувам со г-динот Благоја Стојковски за индустриските капацитети, каде се прави навистина енормна количина отпад, би можело тука, навистина да се оди со тон на отпад. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Данев.

**ДУШАН ДАНЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани минситрти, почитувани пратеници, повод да се јавам за дискусија по понудениот текст на овој закон е искажаната оценка во образложениео на материјалот што го добивме, дека состојбите во оваа сфера стануваат се по алармантни. И, веднаш да кажам дека апсолутно се согласувам со оваа констатација, во прв ред заради бавноста и инертноста во дејствувањето на релеван-тните субјекти, од една страна и сеуште, за жал, присутната општа атмосфера на минормност и периферност на проблемот за кој станува збор.

За волја на вистината, наспроти вака искажаното мислење, верувам дека има и доста контра аргументи што јас лично ги уважувам. Меѓутоа, сепак, по прифаливо ми е становиштето според кое, не само што оваа материја бара итна законска интервенција, туку забавеното реагирање да го прифатиме, во најмала рака, како аргументирана критика, па дури и како грижа на совеста и затајување на чувството за повисока екосвест и култура.

Се разбира, ги уважувам причините, бидејќи во поголем дел тие се објективни. Но, електоратот кому во последно време сеповеќе и условно речено толку многу му се додворуваме, има навистина истенчен вкус и објективен суд за ова. Највероја тно тешко ќе ни прости што и ние, се разбира, на овој начин придонесуваме за несреденоста и натамошното ескалирање на проблемите во сверата на јавната чистота, живеејќи во непосредна околина на депонии и на отпад од секаков вид.

Но да бидам искен јас не гајам илузии дека со донесувањето на овој закон ќе ставиме апсолутен ред во оваа мошне значајна комунална дејност, напротив, законот сам за себе не ќе ги реши проблемите со кои сме соочени. Тоа е само една од нужните претпоставки од легислативна природа. Се работи за многу суптилно прашање, кое бара пред се висока екосвест на секој поединец, во корелација со добро организиран механизам на субјектите, чија првенствена задача е да се грижат за здравата и чиста околина. Тоа е долготраен процес и ние во општината на која и припаѓам, му посветуваме навистина сериозно внимание.

Благодарејќи на таквиот флексибилитет и порано изградената стратегија, ќе си дозволам слободно да кажам дека не случајно го добивме епитетот најчист град во Републиката. Но притоа, морам да кажам дека и ние не сме имуни на наталожените проблеми од овој вид и условно речено да се изразам со спортски жаргон, трофејот го добивме поради слабата конкуренција. И кај нас, само што ќе се излезе од градот насекаде се среќаваат депонии кои ја наградуваат околината и кои претставуваат еклатантен пример за не цивилизираност и потенцијално жариште за бројни

зарази и сл. Меѓутоа, во едно сме сигурни, дека постепено изградуваме повисока култура за чиста, урбана и еко-средина.

Сега сосема накусо сакам да искажам неколку забелешки и сугестии по однос на текстот на законот. Во членот 8 став 1 е кажано дека општините, односно Градот Скопје, можат да основат јавно претпријатие за одржување на чистота на јавните сообраќајни површини или вршењето на таа дејност да ја доделат на физичко или правно лице со дозвола.

Толкувајќи го ваквото решение ми паѓа во очи околноста, што со закон не се предвидува дали дозволата е временски ограничена или не е. Од тие причини, мислам дека по упатно би било, се разбира дека за да нема проблеми во практиката ова прашање со законот да биде јасно дефинирано. Дури сметам дека и тоа дека е нужно во рамките на овој член од законот да се елаборира и прашањето како и под кои услови може да се одземе дадената дозвола, од причини што во практиката ќе се јават и вакви ситуации, за чие решавање мора да има јасно и децидно решение, а не како резултат на правни празнини, некои да користат правото на дискреционо решавање и да се изјаснуваат за вака суштински и клучни прашања.

Апсолутно го прифаќам решението кога со законот се дава можност на корисниците кои вршат издвојување, селектирање на отпадоците да плаќаат намален надоместок за услугите. Единствено треба да се размисли, доколку сакаме оваа новина што повеќе да ја афирмираме со законот, да дадеме можност намалениот износ на надоместокот да се реши на тој начин што ќе биде предмет на договор меѓу давателот и корисникот на услугата, а не ова прашање да зависи од волјата само на давателот на услугата. Прифатлива ми е дури и идејата ова прашање да биде уредено во годишните програми, што ќе ги донесува општината односно Градот Скопје.

На крајот имам впечаток дека одредбите од овој закон, во делот на надзорот, не претставуваат нај адекватно решение и според мое мислење не обезбедуваат ефикасно функционирање на предвидениот инспекциски надзор. Поучени од досегашната практика, на не ефикасност на комуналната инспекција, како основен генератор за појавата на енормен број на прекршители, чии дејства и постапки не се санкционираат и без резервно се толерираат, мислам дека заслужува внимание и една идеја за востановување на органи врз волонтерска основа, кои успешно ќе функционираат насекаде во населените места, заради навремено и ефикасно попречување на таканаречената најезда на недисциплинирани сторители на прекршоците содржани во овој закон.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, ќе кажам неколку збора во врска со овој закон. Доаѓам од општина можеби со најсериозни проблеми во оваа сфера, би рекол наследени од порано, од причина што сметот се собира и нема каде да се депонира. Предмет на регулирање на овој закон е и собирањето, транспортирањето и депонирањето. Би се задржал конкретно на законот, локалните проблеми сами ќе си ги решаваме, заедно со министерството за урбанизам. Во однос на членот 7, членовите 12, 17 и 26 едни со други се поврзани. Во членот 7 се кажува што се јавни сообраќајни површини, па вели, улици, тротоари итн., па железнички станици, кина, здравствени уставнови итн.

Во членот 12 вели што не е дозволено. Тука, меѓу многуте работи што се спомнуваат, по улиците и тротоарите не е дозволено миење на автомобили, сечење и цепење на дрва, мешање на бетон итн. Во членот 26 се казнените одредби. Ми се чини дека во тој домен казните се навистина превисоки за овие услови и тоа во првата фаза на законот и за можностите што можат да ги поднесат и правните лица и граѓаните во Република Македонија. Така што сметам дека овие казнени одредби во овој домен мора да бидат помали, бидејќи условите, земено конкретно и едно физичко лице се навистина мали за да плати една казна или во членот 17 каде што е регулирано да набави една канта за ѓубре. Една канта за ѓубре е околу 100 марки, а казната е 2 илјади.

Во втората фаза на законот, во доменот на казните што се однесуваат на физичките лица, казнените одредби да бидат многу помали, барем да стекнеме една дисциплина во доменот на однесувањето.

Инаку други конкретни забелешки немам, сметам дека законот е добар, и е на доградба на оној првиот, основниот текст, што го донесовме минатата година и сметам дека треба да го донесе овој Парламент, со моите забелешки и сугестии што ги дадов поготово на казнените одредби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на Закон за одржување на јавната чистота и собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на оваа седница на Собранието.

Трето, овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Макеонија, да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против. (Нема).

Дали некој се воздржува. (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на Закон за минерални суровини.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Пред вас денеска се наоѓа на разгледување и усвојување, Предлогот за донесување на Закон за минерални суровини.

Имајќи го предвид значењето на развојот на истражувањето и експлоатацијата на минералните суровини, може да се заклучи дека овој закон е еден од корпусот на законите, кои ќе имаат значително влијание на севкупниот развој на стопанството на Република Македонија.

Досегашното уредување на прашањата во областа на истражувањето и експлоатацијата на минералните суровини, се базираат на повеќе закони донесени пред осамостојувањето на Република Македонија и тоа: Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, Законот за основните геолошки дејности од интерес за целата земја, Законот за единствен начин на утврдување, евидентирање и собирање на податоци за резервите на минерални суровини, за подземните води итн.

Потребата за донесување на овој закон, е мотивирана од повеќе фактори, кои настанаа по осамостојувањето на Република Македонија, а пред се, од потребата за усогласување на севкупната законска и друга регулатива, со одредбите од Уставот на Република Македонија, во функција на воспоставување на правни основи, неопходни за изградба на пазарно ориентирано стопанство, а особено потребата од промоцијата на уставните начела, кој ја гарантираат еднаквата положба на сите субјекти на пазарот и заштитата на слободата на пазарот и предприемаштвото.

Едновремено од аспект на законското промовирање на начелата од Уставот се оценува дека овој закон кој има големо влијание врз ефектуирањето на уставните определби содржани во член 56 од Уставот, кои се однесуваат на начинот на користењето на минералните суровини, како природни богатства, кои претставуваат добра од општ интерес.

Законот чие донесување се предлага е составен од 9 глави, кои содржат одредби со кои се регулираат повеќе прашања, практично сите прашања врзани со истражувањето и експлоатацијата на минералните суровини.

Во оваа смисла, суштинска и клучна новина, во регулирањетон а овие прашања, е тоа што со Предлогот за донесување на закон се предлага, геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини, да се вршат врз основа на предходно добиена концесија, која може да ја добие секое домашно или странско правно или физичко лице, доколку ги исполнува условите пропишани со овој закон. Се предвидува концесијата да ја даде Владата на Република Македоднија, врз основа на јавен конкурс, или понуда, со што ќе се елиминира можноста за привилегирање на одделни субјекти и нивна евентуална монополска поставеност на пазарот.

Новина со овој закон исто така е тоа што резултатите од геолошките истражувања ќе можат слободно да се валоризираат на пазарот, со што се оценува дека ќе се создаде поголема заинтересираност за вршење на овие дејности.

Со цел да се обезбеди нужната флексибилност и прилагодливост при определувањето на висината и начинот на плаќањето на концесискиот надомест, се предвидува надоместокот на концесија да се определува на пазарни принципи, според критериуми што ќе ги определи Владта на Република Македонија.

Имено, имајќи предвид дека консеквентно определување на висината и начинот на плаќањето на надоместокот ќе се постигне доколку бидат лоцирани и утврдени влијанијата на многубројни варијабилни фактори, кои не можат целосно да се утврдат во законски текст, се оценува дека најсоодветен начин на определување на критериумите е тоа да се направи со подзаконски акт донесен од страна на Владата на Република Макеоднија.

Исто така, закнот содржи и низа општо прифатени и низ практиката проверени стандардни одредби, кои се однесуваат на начинот и условите за вршење на геолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини. Одредбите кои се однесуваат на заштитата при работа, во целост кореспондираат со постојниот Закон за заштита при работа донесен неодамна од страна на ова Собрание. Особено значајна новина е тоа што со овој закон се предвидуваат одредби со кои се создаваат цврсти обврски за носителите на дејноста, што се однесуваат на заштитата на животната средина и природата и на рекултивацијата на земјиштето, по завршувањето на истражувањето, или рударските работи.

На изготвувањето на овој законски проект му предходеа повеќе активности од страна на Министерството за стопанство, кои се однесуваат на осознавањето на најновите достигнувања во областа на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини, односно се консултираше релевантната странска легислатива, теорија и практика во оваа сфера.

Исто така обемно беше консултирана домашната теорија и практика. Во оваа смисла во текот на 1996 година, работниот текст за Предлогот за донесување на закон беше доставен до најзначајните стопански и научни субјекти во оваа дејност. Во рамки на стопанската комора на Македонија во текот на 1997-1998 година, беа одржани повеќе работни средби во врска со ова прашање, на кои присуствуваа еминентни научни и стручни стопански работници, при што, усогласените ставови беа во голема мера вградени во работниот текст. Се оцени за потребно кон сознанијата добиени врз основа на претходно споменатите активности да се заземе сопствен, креативен, но истовремено и критички однос, кон решенијата што се можни, бидејќи некогаш е можно, а во одделни случаи и не е пожелно автоматски и некритички да се преземат туѓите решенија, од причини што минералните суровини претставуваат необновливо природно богатство.

Исто така при оценувањето дали одделни сознанија да бидат вградени, се имаат предвид одредбите од Уставот на Република Македонија, како и одредбите од постојните закони, кои го детерминираат законското детерминирање на одделни прашања, во оваа сфера како на пример, законот за концесиите, кој што претставува рамковен закон во уредувањето на концесиските односи.

Имајќи го сето ова предвид почитувани пратеници, сметаме дека ви е предложен текст на закон кој успешно и на современ начин ги опфаќа релевантните прашања од областа што ја третираме. Со неговото донесување исто така, се оценува дека во Република Македонија ќе се создадат услови за натамошен развој на оваа стопанска гранка, преку активирањето на значителен домашен и странски капитал, насочен во сферата на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини.

Поради тоа, го изразувам моето очекување, почитувани дами и господа пратеници за донесување на законот, законот да добие ваша поддршка.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господа министри. Со Предлогот за донесување на Закон за минерални суровини доцниме доста, но сепак можам да речам дека е добро и тоа што и овој закон дојде на ред пред оваа собраниска говорница.

Поаѓајќи од фактот дека рударството на нашиве простори има многу долга традиција, а успешно рударство не може да постои без солидно конципирани извршни геолошки истражувања, како и фактот дека Република Македонија денес е интересно рудоносно подрачје, донесување на соодветен Закон за минерални суровини е повеќе од потребно.

Законот за минерални суровини пред се, мора да ги штити интересите на Република Макеоднија во духот на слободен пазар, успешно предприемаштво, но во исто време и максимална можност за користење на минералните суровини. Законот за минерални суровини поглавјата кои ги изнесе министерот, каде што барем за нас е новина концесија за геолошки истражувања, експлоатација на минерални суровини, рударски мерења, рударски планови, мерки за заштита при работа, надзор, казнени одредби и преодни одредби. Од прегледот на поглавјата може лесно да се констатира дека се предлага модерно концепиран закон, кој е сеопфатен.

Во општите одредби законот во глава I ги сврстува минералните суровини и тоа по групи. Прво се енергетските суровини, второ, се метанични суровини, трето неметалични суровини, украсен и градежно - технички камен, драги и полудраги камења и подземни води и природни гасови. Поделбата на минералните суровини на ваков начин е во духот на поделбите на минералните суровини во високоразвиените земји со пазарна економија.

Поглавието концесија за геолошко истражување и експлоатација на минералните суровини за наши услови претставува нова мерка, а воедно и вредност на законот. Во ова поглавје се дефинира давателот на концесијата, но воедно се дефинираат и кои можат да добијат концесии, под кои услови, големината на просторите за кои може да се додели концесијата за истражување, како и времето за кое се издава концесијата.

Посебно внимание заслужува законската определба дека добиените резултати се сопственост на консеционерот, а се отуѓуваат со соодветен надомест. Тоа значи раздвижување на знаењето, резултатите од знаењето, капиталот, интересот за поглавието за геолошките истражувања на високостручно ниво од законски аспект ги обработува една многу специфична материја. Новина во овој дел е обврската на Владата да формира јавно претпријатие и на тој начин предлагачот на законот со сета сериозност го потенцира јавниот интерес на геолошките истражувања за Република Македонија. Законодавецот сериозно нагласува дека основните и деталните геолошки истражувања се приоритет за интересот на Република Македонија, а експлоатациите и другите спедифични истражувања, оставајќи ги на рударските компании и други заинтересирани страни.

Во овој дел од законот јасно се определени причините и потребите поради кои се вршат основните и деталните геолошки истражувања. Определбата Министерството за стопанство да формира геолошки информативен систем на Република Македонија, во кого ќе се собираат сите податоци е добар потег и доближување со сознание како работи современиот свет во овие сфери. Во ова поглавие детално се регулирани условите и начините за изведување и добивање на одредбите за геолошки истражувања, што го чини законот оперативен и применлив. Напред наведеното поглавје дава јасна претстава како се врши ограничување и означување на определен простор за геолошко истражување, а исто така го регулира и текот на истражувањата од правен аспект и финален дел од делот на овој закон, кој ги третира геолошките истражувања е точката 5.

Резерви од минерални суровини во кои се констатира дека за извршени геолошки истражувања се изработува елаборат на кој задолжително се врши стручна оценка, т.е. ревизија. Со нагласеноста дека секоја петта година ќе се изработуваат елаборати е нагласена перманентност во следењето, а со службената тајност на податоците, се зачувуваат интересите на нарачателите на геолошките истражувања на Република Македонија. Експлоатацијата на минерални суровини е најзначајната материја која се третира со законот за минерални суровини. Во поглавието за експлоа-тација на минералните суровини детално е обработено каква е постап-ката за отпочнување со експлоатација на истите. Во почетокот е обработено експлоатационото поле и неговото значење, а Министерството за стопанство ќе води комплетне катастар за сите рудни полиња во Република Македонија. Во ова погалвје од овој закон детално се посветува внимание на начинот, а особено се нагласува дека за нивна градба е неопходно истата да се гради главниот и дополнителен рударски проект изработен, од овластени проектантксни куќи, а одобрени од Министерството за стопанство.

Исто така, во ова погалвје е обработена и постапката како се врши технички преглед, кој може да го врши техничкиот преглед, пробната работа и начинот на издавањето на решение за употреба за изградените објекти. Особено е важно да се нагласи дека законот детално е обработен и процедурата од законски аспект како се добива одобрение за експлоатација, што претставува финален резултат на истражувачите и дефинитивна цел од сето вложено знаење за огромни-от труд, сигурно, профитот.

Во поглавието за експлоатација на минералните суровини е опфатено и кои проекти се неопходни да се изработуваат, за да може да се врши експлоатација на минералните суровини и да се градат рударски објекти, постројки, а тоа се, главниот рударски проект, дополнителен рударски проект и упростен рударски проект. Во делот за рударски мерења и рударски планови се наведени неопходностите од веродостојни подлоги за потребите на геолошките истражувања, рационална и сигурна експлоатација на минералните суровини. Во делот мерки за заштита при работа дадено е посебно значење на непосредната контрола, следењето на здравјето на работниците, а особено како да се подобрат условите за работа.

Законот има посебно поглавје за надзор, што во геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини е од посебно значење, бидејќи ако се има предвид специфичноста на дејностите и големиот спектар на други области кои се препратени при вршењето на овие дејности. Законодавецот се определил за геолошки инспектор и рударски инспектор, кои имаат заедничко деание од откривањето на едно лежиште до затворање на рудникот од било кои причини.

Поради сето напред изнесено и поради решенијата кои се содржани во законот, мислам дека Собранието треба да му даде виза за понатамошна доработка со одредени забелешки, кои би изнесол за конкретни членови.

Прво, со концесијата за геолшки истражувања треба да се решат прашањата, пред се, урбанистичката согласност, одобрение за локација за изградба на рудник, со цел да се избегне ризикот од запирање на работите. Бидејќи може да се случи концесија да се добие за истражување, а за експлоатација да се биде успорено. Усогласување со законот за изградба на инвестиционите објекти и сл. Конкретно членот 13 треба да биде усогласено со членот 12, бидејќи во членот 13 одобрение се дава за експлоатација по барање, а во членот 13 по концесија. Мислам дека едниот со другиот треба да биде усогласен. Во членот 15 треба да се предвиди можност концесија да се добива и по пат на барање, како што е сегашната пракса.

Во член 17 треба јасно да се истакне правото на концесија за експлоатација на правно или физичко лице кое имало концесија за досегашно геолошко истражување. Размислување е да се стекне автоматски приоритетно право за добивање на концесија за експлоатација на минерални суровини. Просторот за геолошки истражувања, кој е обработен во членот 18 треба да се намали,

со што да се даде право на повеќе лица и да се избегне можност за блокирање на активностите, а и поголем број концесионери. Во членот 19 треба да се предвидат критериуми за период на истражување. Продолжувањето на концесијата во членот 20 треба да се разработи со критериуми.

Понатаму, критериумите за надоместок во членот 21 треба да биде по примерот квадратен километар или зависност од суровината или процентот од добивката за експлоатација на минерална суровина. Во членот 29, покрај вработени лица со соодветна стручна спрема треба да стои "и може да ангажира лице однадвор". Во членот 36 да се стави нова точка, односно да се дополни и треба да гласи: "Доказ за користење на земјиште и гаранција за рекултивација".

Понатаму, каде што стои заверка на рудни резерви, треба да стои стручна оценка, бидејќи заверката некако асоцира на заверка пред суд. Во Главата VI "Мерки за заштита при работа", има одредби кои треба, да се усогласат со новиот Закон за заштита при работа. Понатаму, позицијата на јавното претпријатие мора подетално да се обработи по теркот на Законот за води. А, кога би се основал и фондот за минерални суровини по аналогија на фондот за стопанство, законот ќе биде покомплетен.

Во членот 89 каде што стои "за експлоатација на минерални суровини потребни се следните проекти", на мислење сме дека треба да стои "пред главен рударски проект, идеен рударски проект", а натаму овие трите да останат, главен, дополнителен и упростен.

Неколку забелешки во делот каде што се обработени рударските мерења и рударските планови, тоа е главата V. Во членот 96 треба да се предвиди чување на рударските планови и нумерички податоци и време до кога да се чуваат и под кои услови. Умножување на истите и чување на различни места, поради сигурност. Обработката на нумеричките податоци во класични мерачки книги и обрасци или компјутерска обработка и чување во датотеки, во единствен софтвер, кој ќе важи за сите рудници со подземна експлоатација или површински коп. Во членот 97, точка 4 да се додадат сите површински објекти, згради, пруги, патишта, гасоводи, далноводи и се друго што може да биде загрозено во истражувањето и експлоатацијата на минералните блага. Да се додаде и да се дополни со точка во која ќе бидат предвидени методи и точности со кои ќе се сведат промените на површина и евентуално загрозените објекти.

Во член 99 точно треба да се наведе стручната спрема и отсекот на кадрите кои можат да вршат рударски мерења, средна стручна спрема геометар, виша стручна спрема геодетски инженер, висока стручна спрема инженер. Бидејќи во нашата Република не постои училиште за рударски мерач, а ако се смета дека треба тоа да го вршат рударски техничари, тогаш треба да се предвиди соодветен стручен испит.

Петто, треба да се додаде нов член во кој треба да се предвидат современи ласерски усмерувања, ласерски инструменти за снимање и нивна примена во услови на присуство на експлозивни средства. Тоа е од аспект на техничка заштита и сигурност.

И во членот 100 треба да се додаде став за заштита на мерните точки од уништување и на површини и под земја со соодветни казнени мерки.

Со рударското срећно го поддржувам Предлогот; за донесува ње закон за минерални суровини. Забелешките и сугестиите од нас пратениците да бидат вградени и му давам поддржа на Предлогот за донесување на законот. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Душко Николовски.

**ДУШАН НИК0Л0ВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, пратеници, дами и господа во оваа прилика сакам да се обидам, а незнам колку ќе бидам успешен да дадам свој придонес по Предлог Законот за минерал-ни суровини. На самиот почеток две општи напомени, имајќи предвид дека беше потенцирано и од министерот, дека долго време е водена подготовка и консултација во однос на дефинирањето на концептот на самиот закон што е денеска предмет на расправа, како проект во ова Собрание и во врска со тоа тие две напомени се во следното:

Имено, самиот наслов, кој долго време беше оспоруван, лично мислам дека одговара, бидејќи минералната суровина е, пред се, предмет на истражување, експлоатација, валоризација и концесионирање. Оттука дилемата што постоеше досега и мислам дека и понатаму треба овој назив да биде дефинитивен и конечен назив, без разлика што можеби ќе биде од некои институции или учесници во расправата оспоруван или со тенденција да се промени. Имајќи предвид дека самиот назив одговара на карактерот и содржината на материјалот, сакам да кажам дека и концепциски овој закон доста се доближува до земјите што се во транзиција, пред се, бидејќи тие се предмет на минерална суровина за концесионирање, но има доста одредени вградени решенија внатре што се доближуваат и до поразвиените европски земји, односно Америка и Канада.

За причините, поради кои е потребно да се донесе законот, основните начела врз кои се засновува и содржината на законот содржани во Предлогот за донесување на Закон на минерални суровини, не би сакал да зборувам, бидејќи мислам дека и тие како што се наведени во самиот документ, односно законски проект во доволна мера ги објаснуваат работите и самиот концепт на законот.

Својот придонес кон Предлогот за донесување на Закон за минерални суровини го гледам преку следниве карактеристики:

Прво, би дал неколку воведни напомени, кои би биле од интерес за степеност на заинтересираноста за инвестирање.

Второ, некои конкретни решенија за да се избегнат ризиците во инвестирањето и законодавниот ризик.

Трето, извесни укажувања за финансискиот режим, односно фискалниот режим, кои знатно ќе придонесат за функционирање и поддршка на Законот за минерални суровини.

Четврто, би биле некои заклучни согледувања за функционирање на предметниот закон. Во делот на воведните размислувања би подвлекол неколку значајни работи. Привлечноста за директно инвестирање во една држава од страна на заинтересираните, пред се, големи рударски ком-пании, зависи во голема мера од степенот на истраженоста и експлоатацијата на економските потенцијали на минералните ресурсиу се разбира, во рамките на своите граници на таа држава. Директното инвестирање во областа на минералните суровини е значаен фактор врз развојот на процесите на истражувањето и експлоатацијата на економските потенцијали, пред се, минерални суровини, а со тоа и врз развојот на деологијата и рударството во таа земја.

Минералната перспективност на Република Македонија, за привлекување на директно инвестирање во геологијата и рударството претставува еден конкретен и конкурентен процес во

однос на многу други држави, многу држави во светот, но тоа нема да биде доволно за привлекување на инвеститори доколку не обезбедиме или го немаме следното:

1. Стабилна политичка средина.
2. Соодветна регулатива за минералите.
3. Наградување за ризикот во инвестирање.
4. Правото на репатријација на капиталот.
5. Минимална транспарентност на инвеститорот во одлучувањето.

Располагањето со адекватна, законодавна и административна регулатива е еден од најважните фактори за привлекување на странски капитал и експертиза. Но, не е доволно само да се има регулатива ако решенијата кои се содржани се дестимулативни. Значаен дел од таквата регулатива е и донесувањето на Законот за минерални суровини, но имајќи го предвид амбиентот и времето, тој мора да содржи современи решенија, се со цел ризикот на законодавецот и на инвеститорот да се сведат во едни реални рамки. Имајќи предвид дека истражувањето на минералите имаат многу вродени неизвесности, според тоа и инвестирањето во истражувањето и преземањето на експлоатацијата е одлука со висок ризик. Само да споменам, безбедноста на имотот кој е под закуп, поготово во рударството, е апсолутно важна категорија за инвеститорот, безцелно преземаниот ризик во инвестирањето би бил преголем, а инвестицијата не би била можна да се изведе.

Оттука, произлегува дека Владата постојано треба да обезбедува јасно законодавство заедно со ефективни и ефикасни власти, кои ќе се занимаваат со експлоатација на минералните суровини. Може на тој начон да се елиминира и законодавниот ризик. Ако тоа не се прави и не може да се согледа, нормално последиците во однос на инвестирањето, би биле поголеми.

За сведување на ризикот во рударството во една реална рамка, гледано од аспект на инвестициите, како и од аспект на законодавната регулатива, како и компезацијата на високиот ризик, потребно е да се формира една јавна институција за таа цел. А, таа институција ќе го согледува и совладува и законодавниот ризик.

Рударските закони, кај нас во конкретниот случај, веќе наречен закон за минерални суровини, не секогаш со успех во многу зем-ји во светот ги обезбедуваат бараните услови на инвеститорот. Но, мое мислење е дека ние тоа треба да го направиме. Ова го велам од нај едноставна причина, пред се, од гледна точка на) инвеститорот. Предизвикот на земјите во наредните години нема да биде само во тоа да имаат, модерен закон за рударство кои ги опишува условите и кои се содржани во тој документ, но исто така ќе се бара од тие закони да се поседува соодветна администрација, односно јавна институција која ќе ја осигурува намерата за спроведувашето на законодавството. Во прилог на воведните напомени неколку специфични карактеристики, кои ќе ги наведам, доколку бидат вградени, односно содржани или некои од нив кои веќе се содржани во Предлогот за донесување на Закон за минерални суровини останат како готови решенија, ќе се отстранат големи ризици, а ако не и во целост да се отстранат ризиците во законодавната и инвестиционата политика.

За да инвеститорите го избегнат законодавниот ризик, а на тој начин за да се обезбедат основи кај инвеститорот за да ја поврати инвестицијата која му носи ризик поради вродените неизвесности во инвцестирањето на минералните истражувања, потребно е во Предлогот за донесување на Законот за минерални суровини, наменет за просторот на Република Македонија да ги содржи следниве конкретни содржини. Ќе набројам некои од нив.

Прво носителот на дозволата или одобрението за истражување треба да има единствено и ексклузивно право да ја спроведува и експлоатацијата на минерални суровини.

Второ, носителот на дозволата или одобрението за истражување треба да има ексклузивно право на минералните пронајдени залихи, резерви.

Трето, дозволата треба да се издаде на првиот апликант, освен таму кога понискаста класа на дозвола е веќе поседована од друга страна во кој случај таа друга страна ќе го има ексклузивното право на повисоки форми на дозвола. Оној кој ја поседува дозволата тогаш треба само да ги задоволи универзално применетите минимални годишни барања за расходи, за да ја задржи дозволата. Во спротивно или слично, понудата или тендерот или пак аукцијата за дозволи или одобрение може да ги одврати главните инвеститори.

Четврто, дозволата или одобрението треба да гласи за сите минерали во областа на истражениот простор кој е дефиниран во издадениог; документ.

Пет, на инвеститорот не треба да му биде ограничено правото да ја задржи целосната менаџерска контрола врз своите операции и секако да не му се ограничи поседувањето на 50% или помалку од правото на истите.

Шесто, на носителот на дозволата да му се одобри слободно да ги пренесе дел од своите права или сите на една или повеќе други страни, кои ќе ги прифатат или истите соодветно слични обврски како и првичниот носител на дозволата.

Седмо, на истражувачот треба да му се дозволи да добие право на големи области што е спротивно на претходниот дискутант, но само на ограничен период и како предмет на универзално применетите минимални годишни барања за расходи по единица област.

Осмо, надоместоците за правата на минералите треба да бидат само номинални, а не поголеми од она што се бара за да се покријат административните трошоци. Надоместоците не треба да бидат извор на приходи на органите на власта.

Деветто, дозволите за истражување треба да се издаваат за еден првичен период од барем три години со две гарантирања за обновување од две до три години. За секое обновување да се продава околу 25% од вкупната област. Од носителот на дозволата без исклучок ќе се бара годишно да покаже дека ги задоволил барањата за работа и трошокот продолженото посредување или обновување на дозволата од.година во година треба да биде дозволено ако тие не се задоволни.

Десетто, на носителот на дозволата за истражување треба да му се овозможи да го продолжи периодот на важноста на дозволата на еден разумен период, ако е ова неопходно, за комплетирање на целосната филизибити студија.

Единаесетто, ниту една дозвола не смее да биде запленета или укината без да му се понуди на носителот на дозволата можност да ја корегира грешката особено ако не го предизвикала или не се прикажат разумни причини зошто запленувањето или укинувањето треба да се случи.

Во оваа прилика сакам да потенциурам уште неколку работи кои се однесуваат на даночната политика. Кога ова го велам сакам да нагласам две работи.

Прво, истражувањето на минералите е инвестиција со висок ризик, многу малку проекти ќе откријат комерцијални минерални наслаги, соодносот е веројатно многу низок, еден наспроти неколку стотици.

Второ, на рудникот вклучува големи инвестиции со висок ризик кои го прават објектот во неизвесни и пазарни и геолошки услови доста ризичен. Фискалниот режим поврзан со еден модерен Закон за рударство, како што е нашата амбиција ќе биде привлечен за инвеститорите ако обезбедиме поволни пред се директни и индиректни даночни давачки, како систем за олеснување со помош и на други фактори, што во оваа приклика посебно не би сакал да ги истакнувам.

Извесни промени можат знатно да придонесат за функционирањето на законот за минерални суровини, што е предмет на денешната расправа. Кога го спроведувам ова сакам да нагласам уште две работи.

Прво, нивото на оданочувањето и примената или непримената и на други државни давачки на приходи е едно од средствата со кое земјите можат да се натпреваруваат во текот на времетраењето на инвестирањето и реализацијата на рудникот.

Второ, гледиштето на инвеститорот во рударството е долгорочно и тоа вклучува правење на проценка за начинот на кој една земја ќе се развие во економски и во политички поглед. Во прилог на ова искажување сакам да потенцирам неколу заклучни видувања.

Прво, со решенијата кои се веќе содржани во Предлогот на Законот за минерални суровини и изнесените размислувања што ги потенцира како и укажувањата што беа нагласени на комисиската расправа пред се на Комисијата за стопанство, се дава значаен придонес за информаицјата на минералните суровини и на пазарната вредност со профитабилен карактер.

Второ, големите рударски компании кој обично се и најчестите истражувачи на минерални ресурси во основа се заинтересирани да инвестираат во држави, пред се каде што геолошките, стопанските, правните и фискалните услови се со најдобра можност.

Трето, за да се направи една инвестиција во рударството со оптимална добивка, што не значи деќа тоа не важи и за другите индустрии потребно е да се создадцат услови со конкурентни можности за функционирање со висок степен на заинтересираност на компаниите, пред се за времетраењето на истражувањето, како и на експлоатацијата на минералната суровина. За таа цел мора да постои привлечност од државата кон инвеститорот.

Четврто, расправата по укажување на Комисијата и по мое мислење треба да се сведе во две фази а не во три, бидејќи судбината на законот знатно ќе го усложни времетраењето на донесувањето, ќе се одложи барем минимум за една година, а тоа ќе ја одложи активноста во рударската индустрија минимум барем за две години.

Благодарам за вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани ккколеги пратеници. Мислам дека редно беше пред овој дом после повеќе од 3.5 години активна работа да дојде на дневен ред и Законот за минерални суровини.  Бидејќи и самиот министер во своето излагање напомена дека сите оние активности што пред секој закон претходат во комората, во институциите, во друштвата, во рудниците сојузите беа спроведени, но мислам дека крајниот збор треба да го даде ресорното министерство за стопанство, каде во овој момент и припаѓаат минералните суровини, однсоно истражувањата и експлоатацијата на минералните суровини.

Министерството за стопанство и министерот за стопанство, г-динот Рикаловски го респектирам, но мислам да дојде на дневен ред пред овој дом овој закон оваков каков е, мора да има респект према самите себе и респект према луѓето кои седат во овие клупи. Јас не би сакал да си земам една таква одговорност, човечка, а да не зборувам како лице од оваа бранша. Јас верувам дека министерот во ова не учествувал докрај, мислам во подготвувањето на материјалот, бидејќи во воведното излагање беше толку аргументиран и речит, а законот уште со првата реченица од 13 реда, која е препишувана, запишувана, без многу осет дали е погодена целата, јас не би сакал докрај да поддржам еден таков материјал.

Закон за минерални суровини да почне со фразите, парафразите, определбите за слободата, предприемаштвото и речениците механички да бидат составен дел на овие 12-13 реда, мислам дека не е во ред и треба да се има респект за нас пратениците и да се внимава. Најумешен е оној што знае да состави од добри предлози најдобро.

Јас морам да кажам дека втората верзија на законот, која беше доставена до Министерството за стопанство, беше подобра отколку оваа. Јас за оваа област сум пвоикан и одговорен, сносам морална лична и поголема одговорност, затоа што се занимавав со оваа проблематика 22 години и стручно и научно и студиски, но не можам да сватам во еден закон да не се знае што се подразбира под истражувања, без разлика дали се тоа геолошки истражувања, или се тоа испитувања, не може три збора по ред да има истражување, испитување, истражувања. Проверете господо од ресорното министерство, тоа не би сакал јас да прифатам како пратеник, а посебно што ако нешто знам во животот од стручното, знам од оваа проблематика. Уште во самата преамбула треба да се каже што се минерални суровини.

Второ, во преамбулата треба да се каже дека минералните суровини се фактор за развој на секоја држава, а посебно за Република Македонија како потенцијална држава од аспект на изнаоѓање и проширување на суровинската основа на Македонија. Не треба да заборавиме и извозот на Македонија дали директно или индиректно е 60 до 70% од минералните суровини на Република Македонија. Дали се тоа метални или неметални минерални суровини, дали е тоа олово, цинк, бакар, хром, или мермер, тоа е факт што треба во самата преамбула да стои.

Понатаму, тоа треба да биде закон за валоризација на минералните суровини, бидејќи минерална суровина е и онаа суровина која е складирана во склад, на пристаниште или било каде. Минерална суровина која ја викаме за валоризација на рудните наоѓалишта, тоа се два различни поими и молам одговорните во министерството за стопанство што побрзо тоа да го сватат.

Во член 2 мора јасно да се дефинира стручно и научно што се подразбира под геолошки испитувања на земјината кора. Што е тоа проспекција за изнаоѓање на нови наоѓалишта на минерални суровини. Истражување наоѓалишта на минерални суровини, привремена припрема за експлоатација, експлоатација, санирање на теренот после експлоатацијата итн.

Во член 2 и понатаму не се разликува цел на активностите и применетата методологија. Под истражувања, односно како овде што пишува, под геолошки истражувања, а јас би рекол

покомплексен и поадекватен е изразот истражување. Не треба да стеснуваме само на геолошки истражувања туку да се подразбира на сите активности. Геологијата, геолошко бушење, геофизиката, рударски работи, геолошки, механички, само со една цел да се дефинира геолошки, економски минералната суровина, а кога се дефинира тоа е рудно наоѓалиште.

Г-до, ова е стручен закон не е закон партиски да расправаме. Јасно е дефинирано во светот што е тоа геолошко - економски. Економскаста димензија, економската категорија на минералната суровина мора да и се даде обележје во законот. А, кога ви се даде економска димензија дури тогаш можеме да зборуваме за рудни наоѓалишта. Да не создадам забуна, "лежишта" дали е адекватен термин, јас би рекол ако веќе се приближуваме и прифаќаме да биде во согласност со македонскиот јазик поадекватен збор е "наоѓалиште".

Сега да слушнат оние што не разликуваат што се истражување што се испитувања. Под геолошки испитувања се подразбира запознавање и дефинирање на битни геотектонски развој на земјина кора итн. Тоа се две различни работи. Во законот тоа не би дозволил јас, иако јас сум имал можност многу пати да учествувам и сум учествувал и директно и индиректно, но сега сум многу повеќе одговорен кога треба пред овој дом да си го кажам својот збор.

Член 4 апсурд. Минералните суровини во смисла на овој закон се природни соединенија во цврста течна и гасовита состојба, ако сакаме стручно и научно да ги дефинираме. Треба да си стои, ако веќе стои тоа минералните суровини од аспект се класифицираат, а има повеќе аспекти, дасли се цврста,дали се течна, се класифицираат, јас би прифатил "се класифицираат" метални, неметални, енергетски итн.

Ако веќе кажуваме што се минерални суровини треба стручното, аргументирано, научно да се каже дека се тоа природни суровини, а не минералните суровини се неметални. Се знае ако е тоа руда на цинк, на олово, дека е минерална суровина.

Треба да се раздвои што е метал. Во една состојба е метал, а каде што се како опики корист тоа е неметал. И овде во класификацијата лончињата сме ги помешале. Или некаде зборуваме за термални води, некаде зборуваме за геотермо води. Нека ми каже некој што сега во овој момент се разликува. Тоа е закон г-до, не е дискусија. За нас требаше една деценија да помине па пред овој дом да го ставиме, а кога веќе сме во состојба да направиме подобар закон треба да се трудиме да биде што подобар.

Член 6, зборуваме за едно истражувања, испитувања, итн., а член 6 како да паднал механички и зборуваме како рударски објект. Ако веќе сакаме закон тогаш треба да има една хиеархија, треба да има еден адекватен редослед кој личи на еден закон, а да не зборувам за минералните суровини што значи. Овој член е механички уфрлен. Веројатно, е по грешка, затоа што мислам дека треба да биде сместен во предпоследната или последната глава. Веќе кога се изразуваме во законот треба да сватиме дека се врши експлоатација на наоѓалишта на минерални суровини. Минерална суровина е и кога одиме по патот. Не е тоа наоѓалиште геолошки, економски дефинирано.

Во глава 2 во член 14 кога зборуваме за концесиите, мислам дека и се подразбира автоматски се добива право после извршените истражувања на наоѓалишта на минерални суровини да биде експлоатација. Тоа е во ред и мислам дека не треба дискусија.

Во член 15 каде се зборува за концесијата, јас ќе си кажам што мислам за ова. Во член 15 се вели дека концесија може да се даде со јавен конкурс и со поединечни барања. Тоа е во ред и мислам дека во интерес на развојот, во интерес на активностите и инвестирањата без разлика дали е тоа домашен или странски капитал треба да се има право на двете можности. Ако е во интерес на што побрз развој не треба јавен повик итн. Во член 18, г-до јас држам предмет по Металогенија и економија во рударството и геологијата, механика, не треба да си дозволиме во минералните суровини. Оваа класификација, просторот за геолошки истражувања на минералните суровини во зависност од видот на минералната суровина определени со член 4 на овој закон, може да се изнесуваат најмногу и тоа мислам дека треба да се најде, Македонија не е недостапна, не е неистражена. Таа си има одреден степен на истраженост, дали е висок, мал, среден, но го има. Ние треба овде да кажеме под кои критериуми, издвојуваме 300 км, дали е тоа басен на јаглен, дали се 50. Ние овде треба да го имаме металогенетски карти повеќепати, во различни времиња, ние 55 години активно, стручно, научно, истражуваме во Република Македонија преку првата истражувачка институција Геолошки завод, преку разни фондови и имаме изработувано металогенетски карти. Тие металогенетски карти изработени по теркот на светските современи истражувања геолошки, рударски, геофизички итн., си има методологија како се издвојуваат потенцијалните подрачја за изнаоѓање на одредени минерални суровини, дали се тоа метали, дали се тоа неметалични или се метални.

Во тој смисол мислам дека би можело да најдеме сили, стручните луѓе да најдат еден адекватен критериум, класификација, да не биде тоа механички 100, 300 квадрати, затоа што има критериум, дали тоа ќе биде по рудно поле, се знае кратовско - злетовска област, се знае базенот за јаглен и т.н. Во тој смисол ова треба да се конкретизира на стручно - научна основа, или пак со посебна уредба тоа да се каже.

Понатаму, кон член 19 концесијата се дава на 8 години за истрзжување. Господо за 8 години луѓето го освојуваат светот, границите на континентите се менуваат, а ние не можеме 150 по 200 колку е пречникот на Република Македонија и при таков степен доволно истражен да пронајдеме некои потенцијални минерални суровини, односно да ги валоризираме, да ги дефинираме геолошки и економски во рудни наоѓалишта. Сметам дека ако ние дозволиме, концесиите не сакам сега да претскажувам и овде ќе се кршат копјата која е ценеата на концесиите за истражувањето. Можеби ќе има во најголем дел добронамерен приод да се земе концесија за истражување, но некогаш можеби ќе кажеме подобро нешто отколку ништо, да даде некоја странска финансиска инекција, долар, марки и т.н. да истражува. Не е се исто дали ќе истражува една, две, три, евентуално пет или осум години. Ако тој истражува осум години потоа ни требаат две, три години да се направи рударски објект и замислете Република Македонија колку ќе доцни во развојот од овој аспект минералните суровини, во право време да бидат во функција на развојот на Република Македонија, националната економија, односно економијата на стопанството.

Затоа предлагам, нема минерална суровина која е потенцијал на Република Македонија ако е подготвен инвеститорот, финансиски, сознание, стручност, за три, најмногу пет години за продолжување од страна на Владата да се даде правото на концесија. Затоа што овој временски период од осум години е многу голем, затоа што три години простор ако земе оној што е заентересиран површина од 200 км2, ќе ја врати тој за 100 ќе каже: не сум заентересиран, сега просторот се стеснува на 150, или на 5 км2, јас сум заентересиран за тоа. Да не создадеме во

законот веќе една основа за да се доцни, да се закочува развојот на Република Македонија. Некаде ќе биде не намерно, некаде можеби ќе плати оној заентересираниот и 8 години, ќе се најде нова заентересирана странка што може временски... Од тие побуди јас предлагам во член 19 наместо 8, да трае 3 со можност за евентуално продолжување на 2 години. Член 20, треба да се размислува наместо 30 да биде 20 години за продолжување, со можност за продолжување под услови кои ќе се кажат.

Јас имам уште многу забелешки, мислам дека не треба на оваа говорница да ги кажам.

На крајот сакам да кажам подобро е нешто да направиме, отколку ништо. Во најголем дел овие забелешки сакам да се сватат добронамерно, јас ќе ги доставам до Министерството за стопанство комплет во писмена форма. Дури сум спремен да дадам дополнување, или паралелен Предлог на законот, кој 51% ќе се поклопува во овој, 49% ќе се разликува и ќе биде по теркот на најновите светски достигнувања. Оваа бранша ја пратам и директно низ работата, низ мојата професорска функција и нема списание кое не го читам. Тоа не може да се копира од соседите, од развиените, или не развиени, или да зборуваме за земјите во транзиција, тоа е излитена работа, тоа треба точно конкретно, педа по педа потенцијална површина, земјина кора и сега да не зборувам за тоа да ја анализираме и ќе го дадам во писмена форма до респектираното Министерство за стопанство.

На крајот сакам да завршам, Република Македонија мора да формира фонд, тоа е лош збор, лош термин, изживеан термин, имаме горко искуство да биде секретаријат за минерални суровини, или секретарјат за истражување и експлоатација на минералните суровини.

Второ, мора да се заштити целокупната, тоа е најголемото богатство што го има Република Македонија, бидејки 55 години истражувачите на Република Македонија располагаат со невидена, драгоцена документација која стои во Геолошки завод во Скопје во Република Македонија. Ресорното министерство во овој момент мора да ја заштити, еве се прават напори со законот и тоа да се направи што побрзо, затоа што времето поминува, а ние помалку имаме осет за тоа што значат минералните суровини.

Понатаму, овој закон треба што повеќе да го дотакне привлекувањето не само на странскиот и домашниот капитал, затоа што геолошко рударската активност е ниско акумулативна и плус она што рековме временски за повраќај на капиталот многу се доцни. Законот мора да биде привлечен за странскиот капитал особено Република Македонија, покрај металичните, располага и со неметалични минерални суровини. Прашањето на сигурноста на странскиот капитал мора да биде во законот повеќе обезбедено, затоа сеуште ние немаме сигурност во минералните суровини за инвестирање. Законот мора да биде само во преамбулата во првата, или во последната реченица, како фактор за побрз развој на Република Македонија истражувањата и експлоатацијата на минералните суровини. Тоа да ни биде основното гесло на секој што учествува и на секој што учествува во донесувањето на законот, а за тоа Република Македонија има потенцијал за изнаоѓање на нови минерални суровини, за дефинирање на нови рудни наоѓалишта, бидејќи рудни наоѓалишта, рудници не се раѓаат како секоја фабрика текстилна, или дрвна и т.н., туку се дефинираат секоја втора, трета деценија, се отвараат секоја 50-та година, да не кажам и повеќе.

Јас уште еднаш ќе повторам, во писмена форма ќе ги доставам моите лични гледања до Министерството за стопанство, односно до ресорниот секретарјат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре, после дискусијата на г-динот Чифлиганец, јас сигурно бидејки не сум стручен за тоа, не ќе можам да кажам нешто попаметно од него, само ќе кажам некои мои гледања по однос на законот, што како пратеник на подрачје од каде што доаѓам, да ги изнесам моите гледања. Затоа нема да дадам такви сугестии како што даде г-динот Чифлиганец, бидејќи тоа е негова област и јас со внимание ги слушав забелешките што ги даде.

Веднаш да почнам дека, извршената класификација во член 4 во точката 3 каде што се зборува за неметални минерални суровини гипсот е изоставен, а мислам не претставува суровина која што не е значајна за Македонија ни по вредност, ниту пак по количина. Според тоа, мислам дека треба да се најде.

Второто прашање по кое што јас сакам да се задржам, е прашањето на геолошките истражувања. Г-динот Чифлиганец многу изнесе по однос на тие геолошки карти, меѓутоа јас ќе кажам неколку збора по однос на програмата што е предвидена со член 28, по однос на овие геолошки истражувања и мислам дека таа програма, овде е речено дека ќе постои програма, меѓутоа не е кажано за кој период на годината. Мислам дека кога станува збор за програмата, односно за геолошките карти и покрај она што рече г-динот Чифлиганец можеби за некои подрачја, можеби за некои помалку такви геолошки карти по мене се недоволни.

Јас мислам дека Македонија е недоволно испитана. Еве само еден краток пример. Во непосредна близина на Македонско - Албанската граница се наоѓа градот Бујчиза, од каде се извлекуваат големи количини на квалитетна хромова руда. Лично не сум уверен дека не постои и во Македонија хромова руда на тоа подрачје. Јас би сакал да бидам оповргнат дека се изведени тие испитувања, меѓутоа јас мсилам дека не се изведени, бидејки границата не е поставена по тоа каде е рудата, туку границата е поставена онака како ја поставиле некогаш.

И од тој аспект мислам дека на прашањето на геолошките истражувања треба да посветиме довол-но внимание, бидејки лично како што и г-динот Чифлиганец на крајот рече, излезот на Македонија го гледам заправо во развојот, а развојот на неразвиените подрачја единствено вака може да се подобри. Ако ние не ги испитуваме, немаме сознанија што има на тие подрачја, тогаш што ќе правиме. Тоа се капацитетите на тие подрачја. И затоа се ангажирам затоа, дали фонд ќе го викаме, или како ќе го викаме, сите работи кои што се од јавен интерес сите базираат на фондови средствата. Според тоа можеби повторно ќе треба да биде фонд за да тие работи ни одат како што треба.

Исто така, прашањето на кое сакам да се задржам е прашањето на концесиите. Речено е дека геолошките истражувања, односно користењето на минералните и неминералните суровини се врши на основа концесии што ги дава државата, односно Владата. Во врска со тоа да кажам нешто. Тоа е прашањето на останувањето на дел од тие концесии на подрачјата каде што се минералните суровини, минерални, или неминерални. Зошто го велам тоа? Кој ги трпи евентуалните штети кои би настанале во тие подрачја, никој друг освен тие луѓе кои што живеат

на тие подрачја. Тогаш дали треба да имаме малку чувство така да се однесуваме спрема тие луѓе.

Затоа мислам дека во концесиите, јас кога беше и законот поднесов амандман, но такви беа силите па не се усвои тој амандман. Треба да најдеме начин и сили тоа да го направиме, да им помогнеме на сите тие места кои што на тој начин државата добива концесија. Во Дебар на основа не минерална суровина водата не ја спомнуваме чистата вода, мислам онаа геотермалната ја спомнуваме, меѓутоа чистата вода не ја спомнуваме како минерална суровина, или неминерална суровина. Изграден е Шпиље, кој што е веќе исплатен, и ги донесе парите на државата, на ова општество, меѓутоа Дебар може само да сонува за да нешто добие од таа хидроцентрала. Дали е право? Чија земја се зема, се плати знаеме како се плати, меѓутоа дали тие луѓе не треба да користат од тоа. Јас сум свесен дека државата е економски слаба. Меѓутоа, сепак барем нешто, ако не даваме 20, ако не даваме 30, 50%, еден мал дел треба да капне и таму. Како ќе заживее таа локална самоуправа. Не може да заживее. Своевремено додека Дебар имаше претпријатие Шпиље дел капеше, ако ништо повеќе каматите од средствата што ги имаше Шпиље во банка останеуваа, па се правеше нешто. Денес не може ништо да се прави, не останува ништо и не може да се прави.

Затоа, мислам дека треба да имаме малку осет и по однос на ова прашање, прашањето на концесиите да го регулираме. Јас велам дека би требало да го регулираме, ако не мислиме сите, тогаш да не го регулираме, но мислам дека е одрживо тоа што кажувам и би требало да го направиме. Кога зборувам за концесиите во членот се регулира прашањето на експлоатационото поле, односно еден член зборува и за тоа дек кој ќе ги прави штетите од геолошките истражувања, ќе ги плати. Тоа е во ред едни штети, но другите штети кои ќе ги плати? Еве во врска со тоа експлоатационо поле. Селото Долно и Горно Косоврасти се наоѓаат до експлоатационото место на Комбинатот за гипс и што станува со тоа село? Од експлозиите кога се минира селого страда. Сега дали исто повторно да се вратам на концесиите, дали исто треба да гледаме? Не треба сигурно да гледаме исто. Скопјани не се вознемируваат, тие луѓе се вознемируваат.

Затоа мислам дека треба некои работи, мислам дека сугестиите на г-динот Чифлиганец беа, по однос на стручноста јас не би можел ништо да кажам, само реков дека ќе ги кажам оние што јас сметам дека треба да се кажат и треба да се регулираат со законот. И кога сум тука да кажам и ништо не е речено по однос на прашањето на далечината на експолатационото поле од населеното место. Заправо заради тоа што не е решено ова прашање, мислам трпи селото Косоврасти, Долно и Горно. Не се останува во куќите, се слуша голема бука, ми се чини некогаш пукаат и прозорите, а тоа е познато. Затоа мислам дека треба да му посветиме внимание и на прашањето на далечината, или пак ќе се одобри, бидејќи не можеме да ги најдеме, иако со гипсот не е така, со гипсот е поинаква состојбата. Таму јас колку што знам има илјада и повеќе години место да може да се користи гипс и тоа супер квалитетен гипс. Знам дека сме заморни и ќе завршам со тоа да кажам дека треба по однос на ова прашање да имаме разбирање и да ги внесеме оние работи кои што можеме да ги внесеме, бидејќи само така може нешто да направиме, а и ние да оставиме трага дека сме биле едно Собрание, кое мислело за иднината на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Ќе продолжиме со работа во среда пред седницата за пратенички прашања за овој заклучок и уште неколку одлуки ни останаа по предлог на Комисијата.

Ќе продолжиме со работа на 3-ти во среда со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,25 часот).